Секое утро **Утрински брифинг** на www.**slobodenpecat.mk** / www.**slobodna.tv**

# СЛОБОДЕН ПЕЧАТ.

ISSN 1857-8918

**Митевски**
Што се случува
со ВМРО-ДПМНЕ



**Дерала**
Пандемија



макс. дозволено 50 µg/m3
Битола - Ср. Митровица
49
µg/m3
PM 10
mojvozduh.eu

**Времето денеска**

| | | |
|---|---|---|
| Скопје | -1 | 14 |
| Охрид | 0 | 10 |
| Битола | -2 | 11 |
| Маврово | -8 | 2 |

**ВТОРНИК 7 АПРИЛ 2020** | Број 1929 | Година VIII | **WWW. SLOBODENPECAT.MK** **15 денари**



**Петер Сијарто**
Најдоцна во јуни Северна Македонија да ги почне преговорите со ЕУ
страница 2



**Синод на МПЦ-ОА**
Литургискиот богослужбен живот да се прилагоди на вонредната ситуација
страница 3



**Софтверска помош**
Мобилната апликација ќе ги следи заразените со ковид 19
страница 4

Лондон
**Џонсон од болничка постела ја предводи британската влада**
страница 15

## Од утре дополнителни ограничувања на движењето

# Полицискиот час ќе почнува од 16 часот, а од петок до понеделник ќе трае непрекинато!



**Режим** Движењето во текот на сите работни денови, од понеделник до петок, е забрането за лицата над 67-годишна возраст и за помлади од 18 години. Повозрасните ќе може да излегуваат од 10 до 12 часот, а младите од 13 до 15 часот.

# Хроника

Нашето зачленување во НАТО е еден од трите најважни моменти во поновата историја, од нашата независност до денес. НАТО е предуслов за развој. Ако имате гарантирани граници, безбедност и територијален интегритет, во секоја друга област можете да напредувате бидејќи ги имате сите други предуслови.

**Стево Пендаровски, претседател на Македонија**

**Соработка** Шефот на унгарската дипломатија Петер Сијарто во посета на Скопје

# Најдоцна во јуни Северна Македонија да ги почне преговорите со ЕУ

**Очекувања** Ние во Европскиот совет ќе се обидеме до мај да ја затвориме рамката и најдоцна во јуни да ги почнеме преговорите. Не би сакал да ви ја одземам волјата за зачленување во Унијата, но во поглед на борбата против коронавирусот е докажано дека најдобро функционираат оние одговори што секоја држава за себе ги носи, изјави Петер Сијарто.



Ѝ честитам на Северна Македонија што минатата недела доби согласност за почнување преговори со ЕУ и што стана 30-та членка на НАТО. Ние во Европскиот совет ќе се обидеме до мај да ја затвориме рамката и најдоцна во јуни да ги почнеме преговорите, изјави вчера шефот на унгарската дипломатија Петер Сијарто, кој е во посета на Скопје, по средбата со неговиот колега и домаќин Никола Димитров.

Димитров рече дека во време на глобална пандемија на вирусот ковид-19 и ригорозни здравствени мерки, средбите со неговите колеги се реализираат и под вонредни услови.

- Со мојот драг колега Петер сакаме да потврдиме дека сериозно сме посветени на солидарноста и соработката меѓу Северна Македонија и Унгарија заедно да го надминеме овој заеднички предизвик и кризата со која се соочува и нашиот континент Европа и пошироко. Со таа цел е и денешната посета и помошта што стигна од Унгарија, за којашто сме благодарни - рече Димитров.

Шефот на унгарската дипломатија донесе донација од 100.000 маски и 5.000 заштитни еднодселни костими за здравствените служби во земјава, со цел подобро справување со кризата предизвикана од коронавирусот. Помошта е резултат и на соработката на Унгарија со Кина која ефикасно функционира.

- Ние купивме од Кина фабрика за производство на оваа опрема, која ќе произведува заштитни маски. Многу брзо ќе почне и производството, така што е можно на Северна Македонија да ѝ пружиме и конкретна помош - посочи Сијарто.

Тој се осврна и на прашањето со мигрантите и оцени дека ситуацијата со миграцискиот притисок на турско-грчката граница и натаму е многу сложена.

- Ние имаме огромен интерес со тој миграциски притисок да се справуваме што подалеку од нас. Унгарските полицајци заедно со македонските на границата само во оваа година спречиле најмалку 5.600 обиди за илегален премин. Му нагласив на мојот колега Димитров дека и натаму Македонија може да смета на помошта од унгарските полицајци - рече Сијарто.

За солидарноста меѓу земјите членки на ЕУ за справување со корона-кризата, тој оцени координацијата помеѓу државите членки беше многу бавна и затоа државите беа оставени лично да се борат, па затоа по совладувањето на вирусот, ќе мора да се извлечат поуки.

**Сакам да му се заблагодарам на Петер и за поддршката за конечно добивање политичка одлука од ЕУ да ги почнеме пристапните преговори и за тоа што е тука лично во период полн со предизвици и вонредни околности. Мислам дека оваа посета зборува многу повеќе од зборови во смисла на пријателството и посветеноста.**

**Никола Димитров, министер за надворешни работи**

- Почнувате преговори со ЕУ, затоа не би сакал да ви ја одземам волјата за зачленување во Унијата, но во поглед на борбата против коронавирусот е докажано дека најдобро функционираат оние одговори што секоја држава за себе ги носи – вели Сијарто.

Тој нагласи дека освен здравствениот има друг фронт каде што економската политика мора да се приспособи.

- Се надевам дека овие преговори ќе бидат ефикасни. Според мене, ЕУ има најважна задача во овој поглед да ги приспособи своите закони во врска со економијата и да ги прилагоди така што тие на најголем можен начин да ги поддржуваат извозот и странските вложувања во своите држави - рече Сијарто.

Димитров посочи дека тесната координација и соработка на регионално ниво и со ЕУ ќе бидат важни фактори за соочување со коронавирусот.

- Сакам да му се заблагодарам на Петер и за поддршката за конечно добивање политичка одлука од страна на ЕУ да ги почнеме пристапните преговори и за тоа што е тука лично во период полн со предизвици и вонредни околности. Мислам дека оваа посета зборува многу повеќе од зборови во смисла на пријателството и посветеноста – рече шефот на македонската дипломатија Никола Димитров.

**САД со 1,1 милиони долари помош за Македонија .**

# Поддршката и заедништвото поважни од кога било

**Да се работи заедно е поважно од кога и да било. Уверена сум дека поддршката со овој пакет на помош ќе даде значителен придонес во борбата на Северна Македонија против ковид-19, изјави Кејт Брнс, амбасадорката на САД во Скопје**

Ео помош од 1,1 милион долари американската влада ќе ја поддржи Македонија во борбата против ширењето на ковид-19. „Во ова време на неизвесност и вознемиреност, да се работи заедно е поважно од кога и да било. Убедена сум дека поддршката со овој пакет на помош ќе даде значителен придонес во борбата на Северна Македонија против ковид-19“, изјави амбасадорката во Скопје, Кејт Брнс.

Донацијата е наменета за зајакнување на лабораториските системи за тестирање во големи размери на ковид-19, за брза реакција при откривањето случаи и надзор врз основа на настани за ковид-19, за обука и опрема на екипите за брза реакција во испитувањето на случаите и следењето на контактите, за спречување и контрола на инфекции во здравствените установи и друго.

„Во изминатите 20 години, САД инвестираа скоро 11,5 милиони американски долари само во здравството и повеќе од 738 милиони американски долари вкупна помош за Северна Македонија во низа области - безбедност, земјоделство, граѓанско општество, економски развој, создавање работни места, женско претприемништво и образование. Со децении САД се најголем светски давател на билатерална помош во јавното здравство. Од 2009 година, американските даночни обврзници дарежливо ставаат на располагање повеќе од 100 милијарди долари здравствена помош и скоро 70 милиони американски долари хуманитарна помош на глобално ниво“, се вели во соопштението од амбасадата на САД.



**Апел** Синод на МПЦ– ОА

# Литургискиот богослужбен живот да се прилагоди на вонредната ситуација

**Претпазливост Храмовите на МПЦ-ОА ќе бидат отворени за лична молитва на верниците, но притоа се апелира одговорно да се почитува наложеното правило од државните власти во јавниот простор.**

Парохиското свештенство, монаштвото и верниците да ги почитуваат утврдените владини мерки за да се намали ширењето на заразата од Ковид-19 и да се заштити здравјето на населението, повика Синодот на Македонската православна црква – Охридска архиепископија во пресрет на најголемиот христијански празник Велигден.

Храмовите на МПЦ-ОА ќе бидат отворени за лична молитва на верниците, но притоа се апелира одговорно да се почитува наложеното правило од државните власти во јавниот простор, во дозволените часови за јавно движење, времено да престојуваат исклучиво до пет луѓе на одредено растојание.

САС подвлекува дека МПЦ-ОА нема да го прекине литургискиот богослужбен живот, затоа што тоа е нејзиниот идентитет и суштина на нејзиното постоење, но сепак таа ќе се прилагоди на новонастанатите услови и ќе се сообрази на вонредната ситуација. Затоа препорачува сите богослужби да се одржуваат со неколкумина сослужители, со најмногу петмина верници; повозрасните, изнемоштените и имунослабите лица, како и децата да останат во своите домови и да се најават кај своите парохиски свештеници за да бидат причестени во домашни услови; црковните богослужби да ги пренесуваат националните и локалните медиуми и на интернет; доколку се констатира контакт со позитивен носител на овој вирус во црковно-административен објект, веднаш да се пристапи кон карантински услови, дезинфекција и самоизолација; погребите да се извршуваат на отворен простор, а крштевките во кругот на најтесното семејство, се наведува во соопштението од САС на МПЦ-ОА.

**Влада** Од утре дополнителни ограничувања на движењето

# Полицискиот час ќе почнува од 16 попладне, а од петок до понеделник ќе трае непрекинато!

**Движењето во текот на сите работни денови, од понеделник до петок, е забрането за лицата над 67-годишна возраст и за помлади од 18 години. Постарите ќе може да излегуваат од 10 до 12 часот, а младите од 13 до 15 часот.**




Од утре (среда) се забранува движењето за сите граѓани секој работен ден од понеделник до петок од 16 до 5 часот наредниот ден, а за викендот се забранува движењето од петок во 16 часот до 5 часот во понеделник, одлучи Владата на вчерашната седница.

Овие дополнителни ограничувања на движењето за граѓаните на територијата на целата држава, Владата ги донесе на предлог на Комисијата за заразни болести во согласност со Министерството за здравство и со Генералниот кризен штаб.

За лицата над 67-годишна возраст се забранува движењето во текот на сите работни денови, од понеделник до петок, освен во периодот од 10 до 12 часот.

За младите до 18 години се забранува движењето во текот на сите работни денови, од понеделник до петок, освен 13 до 15 часот.

Според владината одлука, се забранува движењето на граѓаните на јавни места и јавни површини во групи поголеми од две лица, при што тука не се вбројуваат лицата помали од 14 години, доколку се деца на родител кој е дел од групата од двајца.

За земјоделските активности, дозволено е движење во рамки на територијата (атарот) на селата, исклучиво за работните потреби.

Аптеките ќе работат непречено, а Министерството за здравство ќе изработи план за непречена работа и на здравствените установи.

Исклучоците од забраната за движење важат за полицијата, армијата, здравствените работници (во ЈЗУ и ПЗИ, како и матичните лекари) и за маркетите и ресторанните кои вршат достава на производи, кои своите ангажмани ќе ги реализираат непречено, се наведува во соопштението на Владата.

**Во утрешниот број (среда), ексклузивно интервју со претседателот на Собранието**

# Талат Џафери



# НЕ Е ДУИ ВИНОВНА ШТО НЕКОЛКУ ЦИКЛУСИ ПО РЕД ВМРО-ДПМНЕ ПОБЕДУВАШЕ НА ИЗБОРИ!

Сметам дека постапив правилно со тоа што не го свикав Собранието, затоа што одлуката за распуштање, донесена со соодветно мнозинство, е уставна категорија и моите надлежности како претседател на Собрание се во тој поглед ограничени – вели Талат Џафери, претседател на Собранието во интервју за утрешниот број на „Слободен печат“.

Собраниските спикер ги негира шпекулациите дека Собранието не било повторно свикано поради тоа што СДСМ формираше предизборна коалиција со БЕСА.

- Јас не се раководам од кулоарски размислувања. Уште на почетокот од мојот мандат, во мојата прва изјава пред граѓаните ветив дека ќе бидам претседател на сите, без оглед дали се власт или опозиција. Нема да дозволам узурпација на институцијата Собрание.

Автор на интервјуто е Зоран Иванов, а ќе биде објавено во неговата рубрика „Прес-конференција“

**Донација** Епидемиолозите добија софтверска помош

# Мобилна апликација ќе ги следи заразените со ковид-19

**Апликацијата ќе може да се симне бесплатно. Клучно за оваа апликација да ги даде посакуваните ефекти е тоа што поголем број граѓани да ја имаат на своите мобилни уреди и да ја користат.**

**Мирослава Бурнс**

Владата апелира што поголем број граѓани во наредниот период да ја симнат мобилната апликација за следење на контактите на заразените со коронавирус и на тој начин да им помогнат на епидемиолозите. Апликацијата е подарок од македонска компанија и има за цел да им помогне на епидемиолозите да дознаат точно со кого заразените со коронавирус биле во контакт 14 дена пред да им биде утврден вирусот.

Досега се покажало дека дел од луѓето не даваат точни и прецизни информации за тоа со кого контактирале, дел поради тоа што не можеле да се сетат точно на сите средби, дел поради тоа што сакале да ги скријат информациите. Ова ги доведува во опасност и здравствените работници и граѓаните и му дава на коронавирусот слободен простор да се распространува.

Апликацијата ќе биде промовирана наскоро, а граѓаните ќе може да ја симнат на своите смартфони бесплатно.

Со оваа апликација, како што најави министерот за информатичко општество и јавна администрација Дамјан Манчевски, сите што биле на растојание помало од два метра од заразениот ќе бидат регистрирани на неговиот смартфон, со свој посебен апликациски број.

- Се решивме за поинаков пристап и за многу неинванзивна апликација. Со апликацијата ќе се гарантира безбедноста на личните податоци на корисниците и таа нема да биде од оној тип апликации што користат геолокација и со кои може да се следи кој каде се движи - рече Манчевски на брифингот со новинарите.

> **Со апликацијата ќе се гарантира безбедноста на личните податоци на корисниците и таа нема да користи геолокација со која може да се следи кој каде се движи.**
>
> **Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација**

Откако ќе ја симне на својот мобилен телефон, на корисникот ќе му биде доделен посебен, таканаречен апликациски број. Тој апликациски број не е на ниеден начин поврзан ниту со матичниот број на граѓанинот, ниту со неговиот телефонски број, туку е посебен механизам. На телефонот во секое време ќе треба да има вклучен блутут, по што сите апликациски броеви на оние со кои сте биле во непосредна близина ќе бидат зачувани на вашиот мобилен телефон и само вие ќе имате достапност до нив. Во случај да се заразите со коронавирусот, Министерството за здравство ќе ве замоли да ги дадете апликациските броеви и дури тогаш тие ќе бидат споени со мобилните броеви на луѓето со кои сте контактирале и епидемиолозите ќе знаат каде точно да ги лоцираат потенцијалните кластери на заразата.

- Ако корисникот на апликацијата не се зарази, тогаш апликациските броеви нема да му бидат побарани, оние што се постари од 14 дена ќе се избришат автоматски - додаде Манчевски. Тој вели дека е клучно што поголем број граѓани да ја симнат на апликацијата на своите мобилни апарати и на тој начин да придонесат во националната стратегија за борба против ковид-19.

**Крушево.**

## Коронавирусот ја затвори конфекцијата „Фалко“

По регистрирањето на првите двајца заболени од коронавирусот во Крушево, конфекцијата „Фалко" од денеска нема да работи, а вработените ќе бидат во самоизолација.
Од Општината соопштуваат дека полицијата поставува пункт на влезовите од градот како и патроли по населените места. Ќе се преземаат соодветни мерки при поголеми собирања и непочитување за време на полицискиот час. Инспекциските служби и Центарот за јавно здравје од Прилеп ќе испитуваат и детектираат кој од вработените бил во контакт со заболените. Се забрануваат посети и собирања во групи граѓани кои, вообичаено, овој период во Крушево се групираат по куќни имендени.

Градските власти укажуваат сите граѓани кои имаат симптоми на покачена температура, кашлица, треска. веднаш да се јават кај матичните лекари, но и тие кои биле во контакт со потенцијално заразени или во контакт со лица кои дошле од странство. Да се избегнува самоволно самолекување со цел прикривање на настинка или евентуално вирусот. Граѓаните може да го контактираат и Центарот за јавно здравје Прилеп.

Градоначалникот Томе Христоски упатува апел за смиреност и информира дека се преземаат сите неопходни мерки за превенција: дезинфекција, набавивка на доволен број заштитни визири, маски и ракавици како и скафандери со кои се заштитуваат службите кои директно се изложени на ризик од инфицирање и заболување.



## Во Скопје 30 прекршувања на полицискиот час

Основното јавно обвинителство Скопје до Основниот кривичен суд Скопје вчера достави 28 предлози за издавање казнени налози со кои се опфатени вкупно 30 лица, обвинети за кривичното дело – Непостапување според здравствените прописи за време на епидемија од член 206 став 1 од Кривичниот законик.

Сите обвинети не се придржувале до Одлуката за забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија, односно за време на полицискиот час биле затекнати на различни локации во Скопје без да поседуваат дозвола за движење.

Надлежните јавни обвинители му предложија на судот да им изрече на обвинетите парични казни од по 100 дневни глоби, при што висината на една дневна глоба да биде определена на 20 евра во денарска противвредност.

**Тетово.**

## Ќерка на починат од коронавирус бара истрага за несовено лекување

Наташа Апостоловска, ќерка на 69-годишен тетовец кој почина од коронавирус, преку социјалните мрежи тврди дека не добиле лекарска грижа додека татко и бил на лечење во Заводот за рехабилитација во Козле и бара да се спроведе истрага за неговата смрт.

„Вчеравечер почина татко ми. Се надевам дека ќе се спроведе истрага. Најжално е што поради тие лекари и јас и мајка ми се заразивме и сме позитивни, тие не преземаат ни морална обврска, а ние ниту на погреб не може да му одиме на татко ми. Само за нас важат законите, прописите и упатствата", објави Апостоловска на профилот на Твитер, означувајќи ги и прашувајќи ги министерот Филипче и Министерството за здравство.

Таа на 25 март алармираше дека од Заводот за рехабилитација во Козле, каде бил од 9 до 23 март, тако ѝ бил отпуштен без да биде тестиран за коронавирус. Поради симпоми бил хоспитализиран на 25 март во тетовско Инфективно одделение, каде му е утврден ковид-19.

**Информации.**

## Отворен кол-центар за економските мерки

Владата вчера го пушти во употреба првиот контакт центар наменет за поддршка на бизнисот и граѓаните во врска со економските прашања во услови на справување со кризата предизвикана од ковид-19. Компаниите и физичките лица со јавување на телефонскиот број 02/324-8040 ќе можат да ги добијат сите потребни информации и појаснувања во врска со начинот и можноста за користење на економски и други државни мерки поврзани со справување со состојбата со ковид -19.

На повиците ќе одговара стручен тим на македонски и на албански јазик. Кол центарот ќе работи од 8:00 до 17:00 часот од понеделник до петок, а во сабота од 9:00 до 14:00 часот, информира владината прес-служба.

**Ковид-19.**

## Досега дванаесет позитивни меѓу вработените во МВР

До вчера потврдени се 12 случаи на вработени во МВР позитивни на ковид-19, 36 лица се во самоизолација, а издадени се 14 наредби за изолација на лица, информира Министерството за внатрешни работи.

Министерството информира дека за заштита на вработените од коронавирусот се преземаат сите неопходни мерки за нивна лична заштита, со соодветна заштитна опрема, а со цел безбедно извршување на работните задачи.

„Изминатиов период беше извршена и дезинфекција во просториите и објектите каде е утврдено дека престојувале вработени лица за кои е потврдено дека се позитивни на тестот за коронавирус, а тоа ќе се прави и за секој нареден случај. Од страна на епидемиолози направени се интервјуа и на вработени кои биле во непосреден контакт со заболените и во соработка со нив се утврдува за кои лица се издаваат решенија за изолација и изјави за самоизолација" - соопшти МВР.

**Образование** МОН бара решение за учениците од социјално загрозените семејства

# Интернетот ќе биде бесплатен, за ИТ-уред секој треба да се снајде

**Решение** Министерот Адеми најави дека во соработка со МИОА ќе доделат ваучери за интернет, а за компјутери или други ИТ-уреди ќе се бараат донации или семејствата ќе мора сами да си ги набават



**Соња Христовска Угриновска**

Министерството за образование и наука (МОН) ќе им обезбеди бесплатен пристап на интернет на децата од социјално загрозените семејства за да ја следат наставата од дома, а не планира да им обезбеди ИТ-уред од својот буџет (лаптоп, таблет и слично), затоа што сметаат дека речиси сите семејства имаат паметни мобилни телефони или други уреди. Министерот за образование Арбер Адеми изјави дека оние што немаат ИТ-уреди, можат да купат половни по скромна цена, а бараат и донации од компаниите.

- Ние се определивме да обезбедиме интернет за сите деца и затоа пративме допис до сите училишта да нè информираат кои деца немаат пристап до интернет. Можеби имало недоразбирање, барале податоци за доделување и распределување на ИТ-уреди, но најбитно е сега секој да има интернет. Со колегата министер задолжен за информатичко општество Дамјан Манчевски, ќе доделуваме ваучери за пристап до интернет бесплатно за сите деца што потекнуваат од семејства што немаат никакви приходи. ИТ-уред, може генерално да кажам, дека најголем дел од децата или родителите на децата имаат, бидејќи, ако се сеќавате, во нормални околности имаше апели до нас да се забрани употребата на смарт-телефони за време на часовите. Најголем број од учениците или родителите на учениците имаат ИТ-уред, но најискрено може да ви кажам дека и со една скромна цена на пазарот може да се обезбеди употребуван ИТ-уред или најмалку паметен телефон. Така што не гледаме дека имаме проблем, иако веќе сме во комуникација со потенцијални донатори од бизнис-заедницата, кои сакаат да помогнат во овој дел на најзагрозените семејства што се под социјален ризик без никакви примања - рече министерот Адеми во интервју за Радио Слободна Европа.

### Учебната година нема да биде прекината и повторена

Од МОН се категорични дека учењето од дома е системско и задолжително и наставата ќе се реализира докрај. Надлежните воопшто не размислуваат за законската можност оваа учебна година да биде прогласена за завршена по успешно спроведените најмалку 100 дена настава. Според Законот за основното образование, воспитно-образовната работа не смее да се прекинува во текот на наставната година, освен за вонредни состојби како природни непогоди, епидемии и друго, за што одлучува министерот и го утврдува организирањето на наставата до крајот на учебната година, која треба да трае најмалку 100 наставни дена. Нормална учебна година трае 180 наставни дена, а до прекинот на наставата што се случи на 11 март поради заканата од коронавирусот беа изминати 120 наставни дена.

- Со воведувањето на задолжителното далечинско учење, воспитно-образовниот процес продолжи да се спроведува формално, така што учебната година нема да биде прекината и повторена туку ќе продолжи да се реализира до целосно завршување. МОН се обрати до училиштата за да се обезбедат податоци за учениците што потекнуваат од семејства од социјален ризик и кои можеби немаат електронски уреди или интернет, со цел да се најде начин да им се помогне и да бидат вклучени во наставата. Но, од училиштата не ги добивме податоците што ни беа потребни. Сега, во соработка со Министерството за труд и социјална политика, ги обезбедуваме податоците за децата од социјално загрозени семејства и по компарирање со податоците од училиштата, ќе ја добиеме реалната бројка на ученици што имаат потреба од поддршка и помош во делот на вклучување во далечинското учење, по што ќе излеземе во јавноста со повеќе информации. Обезбедувањето интернет ќе се реализира со поддршка на МИОА, а за евентуално обезбедување на ИТ-уреди, дополнително ќе информираме - велат од МОН за „Слободен печат“.

### Социјална помош добиваат околу 30.000 домаќинства

Надлежните сметаат дека уредите не се проблем и најавуваат дека наскоро ќе почне и оценувањето на постигнатиот успех за последното тримесечје, при што оценката ќе се пресметува во крајниот успех. Сè уште не знаат за колку вкупно ученици не обезбедиле едни такви услови за учење, а со тоа и цел месец се без настава.

Според бројките на Министерството за труд и социјала, во Македонија околу 30.000 домаќинства односно 120.000 граѓани се приматели на социјална помош. Минатата есен, три месеци по социјалната реформа, тогашната министерка за труд Мила Царовска рече дека детскиот додаток им се исплаќа на 20.230 деца, образовниот додаток на 8.681 деца, што е трипати повеќе од претходно, а до крајот на реформата се очекува околу 70.000 деца да примаат детски и образовен додаток.

## Адеми: За една или две недели ќе го оцениме квалитетот на онлајн наставата

• Министерот за образование Арбер Адеми најави дека наскоро ќе се оценува колку е квалитетна онлајн-наставата што импровизирано се спроведува за време на вонредната состојба.

- Оваа несреќа е шанса да се ангажираме и да го доградиме нашиот национален образовен систем за онлајн-настава. Има предизвици, што и да направите во образованието, ќе има предизвици и ќе има критики. Критиките некогаш држат вода. За една или две недели ќе се отвори темата околу тоа дали овој начин на организирање на наставниот процес гарантира квалитет. Вакви теми ќе се отворат по една или две недели - рече Адеми при гостување во ТВ21.

Тој додаде дека не може да ја поддржи одлуката за намалување на платите во јавниот сектор, односно на наставниците, кои во овој период се дополнително ангажирани.

**Медицинарите револтирани од неразбирањето на Владата.**

# Ќе доаѓаме на работа сосе децата, па вие чувајте ги!

**Вработени во Министерството за здравство, но и во некои здравствени установи, се повикани итно да се појават на работното место, иако тие досега биле ослободени од одење на работа бидејќи имаат деца помали од 10 години.**

**Мими Шушлеска Петкова**

Вработени во Министерство за здравство, кои не одат на работа затоа што имаат деца помали од 10 години и треба да ги чуваат, согласно со владината одлука, се повикани задолжително да се појават на работното место. Ако тоа не го сторат, ќе се соочат со отказ, како што е пропишано во Законот за работни односи за три дена неоправдано отсуство од работа. Известувањето во петокот им е испратено на имејл.

Вработените се револтирани од ова барање и бараат средба со министерот за здравство Венко Филипче.

- Ние сме дома затоа што и нашите сопрузи работат во секторот здравство и мора да одат на работа. Од Владата имаше одлука дека ако двајцата родители се во секторите за кои не важи ослободувањето од одење на работа, како здравство и полиција, тогаш едниот сепак треба да остане дома. Не одбиваме да ги извршуваме нашите работни обврски, но тоа може и од дома – велат вработените.

Меѓу нив има и самохрани мајки што воопшто немаат кој да им го чува детето кое е помало од 10 години. Не функционира ни евентуалната замена меѓу сопружниците, две недели едниот да оди на работа, па потоа другиот. Вработените велат дека правната регулатива кај нас забранува мало дете да се остави само дома, зашто и за такво нешто може да се одговара.

- За да го испочитуваме она што се бара од нас, треба да ги оставиме децата сами дома. Тоа е далеку од разумно барање – велат родителите.

Вработените се толку револтирани од овој потег на одговорните во Министерството за здравство, што најавуваат дека ќе дојдат на работа заедно со децата.

Проблем има и во некои други здравствени установи.

Матичниот лекар Ненад Лазаров јавно пишуваше дека од неговата сопруга која работи во болницата „8 Септември“ се барало да оди на работа, а и тој како матичен лекар со голем број пациенти мора да оди на работа. Но, во овој случај се најде решение со договор, односно сопругата на Лазаров беше ослободена од работни обврски.

## Ослободувањето за чување дете не важи за медицинарите

• Од Министерството за здравство објаснуваат дека, согласно со насоките од Владата од седници број 16 и 23, вработените лица во Министерството за здравство се изземат од сите заклучоци, мерки и препораки што се однесуваат на ослободување од одење на работа. Но, останува нејасно како тогаш овие луѓе досега не доаѓале на работа. Исто така, нема објаснување како да постапат вработените кога нема на кого да ги оставаат своите деца.

# Трибина

Стравот почнува кога ќе се соочиме со фактот дека ништо не знаеме. За прв пат во историјата добивме инструкции дека оваа битка ќе ја добиеме само ако седиме дома во влечки. И седиме.

Катерина Блажевска

## Што се случува со ВМРО-ДПМНЕ



**Манчо Митевски**

И ВМРО-ДПМНЕ, преку пржинската влада е дел од власта и треба да се концентрира преку тој инструмент што повеќе да им помогне на луѓето и на бизнисот. А мегданот за политички битки, кампањи и избори ќе дојде кога за тоа ќе се создадат здравствени, законски и политички услови.

И ако не е време за политика, бидејќи сега е најбитна борбата за заштита на здравјето и егзистенцијалните прашања на луѓето и на државата, сепак, кога политиката, односно политиканството, проследено со лажни вести кои нанесуваат штета, го одвраќаат вниманието од примарното, се товарат на претоварените плеќи и ги затегаат веќе истенчените нерви на луѓето и на институциите кои со натчовечки напори ги водат овие битки, треба да се кажат некои работи како апел за вразумување.

Повеќе од половина век сум активен проследувач на политиката. Меѓутоа, ваква состојба со некоја партија: на дезориентираност, погрешна стратегија, изгубен наратив, стихијност и скокање од тема на тема, отсуство на општествена одговорност, пласирање огромни дози негативна енергија, а сето тоа само поради една и единствена цел - да се ќари некој евтин политички поен кој повторно би ги вратил на власт - елементи што последниве неколку месеци ги манифестира опозициската ВМРО-ДПМНЕ - не паметам. Многу партии и лидери биле во кризи, манифестирале хаотичност, правеле грешки, но по некое време или се консолидирале или ги снемувало од политичката карта.

ВМРО-ДПМНЕ во бркањето брзи избори, со домашен есап калкулираше дека лесно ќе ги добие и на тој начин самата се доведе во сегашната речиси безизлезна состојба. Прво, сурфајќи на бранот на фингираната „сапунска опера Рекет“ за создавање перцепција без покритие кај луѓето за „невидени криминали“ на власта, која брзо се покажа како нискокапацитетна за намената, особено што дополнително беше обременета со фактот што како мува на капата за ишкање си ја имаше и другата веројатност дека, всушност, станува збор и за поткуп. Второ, ставајќи ги сите пари на картата на негативната кампања базирана врз примесата „Заев и СДСМ се криминалци и виновни се за сѐ лошо во државата“. Трето, на традиционалниот изборен адут во последните петнаесетина години - „името не го даваме“, од преклани - Преспанскиот договор ќе го поништиме. Четврто, протести против смогот и маглите, кои оваа зима, најчесто, ги растеруваше ветрот и други дневнополитички реакции. Петто, со помошта за создавање антивладина перцепција од електронски и социјални медиуми платени од странство се претера...

Меѓутоа, коронавирусот и одложувањето на изборите, во прв план, но и двата стратегиски успеха на државата - станувањето членка на НАТО и безусловната одлука за почнување преговори за членство во ЕУ - им ги расипаа плановите. Функционирањето на пржинската влада, која требаше да биде инструмент за отворање однатре од владините кабинети и коридори на наводни криминали на владејачката коалиција на СДСМ, што се виде од првичното дејствување на техничката министерка за труд и социјала Мизрахи (за што таа брзо беше разрешена) и другите заменски министри потпомогнати од огромните партиски инсталации во институциите - ги уништи сите планови и надежи на опозиционерите. Не е во игра ни добитната комбинација - поделба на патриоти и предавници. Во битката за здравје и егзистенција на луѓето и државата (вирусот не препознава партиска припадност), се сменија нештата - сега патриоти се оние што се во првите редови, а не оние од „јорган планина“ што профитираат со политиканство, критицизам и нихилизам.

Во ситуација на сменети општествени услови, приоритети, вредности и изјаловени адути, партијата се однесува како „вејка на ветрот“. Лови во матно на дневна политика и се фаќа за сламки. Напорите и успесите на институциите на државата ги релативизира со изврнати тези, а често се обидува и самата да си припише дел од заслугите. Преку нафрлени лажни вести и шпекулации од страна на платената медиумска (јавна и социјална) логистика удира на сите страни како грогиран боксер и негира сѐ што власта и институциите прават во интерес на граѓаните и на државата. Забележливи се неколку работи кои што ја карактеризираат сегашната состојба на духот и дејствување на ВМРО-ДПМНЕ. Пред сѐ, иако постгруевистичко раководство вети, не ја реформираше партијата. Напротив, партијата која прва беше заробена од Груевски и раководството, за потоа како партија да ја зароби државата (констатација на ЕУ), и натаму е заробена и затоа не може да се реформира. Тоа е резултат на забележливото раководење од две глави и локации: од почесниот претседател, срамно пребеганиот осуденик во Будимпешта и од него октроираниот актуелен претседател од Скопје.

Во овој контекст треба да се сврти вниманието на уште еден елемент. Веќе не е видлива долго потенцираната и самофалена експертска, но и поширока кадровска структура и база на партијата. Последниве месеци во јавноста нагласено се присутни само неколку функционери од најтесното раководство и три-четворица портпароли кои ги пласираат и бранат актуелните политики и потези. И толку. Како да е прекината врската со пониските ешалони и базата, меѓутоа и со нивните интереси како граѓани. Да не зборуваме за лидерот и неговиот заменик, кои си дозволија да кажуваат разни небулози, да шират огромни дози негативна енергија, обвинувања за лоши здравствени и економски стратегии, воено профитерство, недостиг на тестови во услови на епидемија...., други ноторни лаги и нудење мерки кои се популистички и се косат со вонредната состојба, Уставот и законите...

Посебно за потенцирање е една теза со која опозициската партија сака да приграби дел од успехот за приемот во НАТО и за отворањето на преговори за влез во ЕУ. И покрај фактот што октроираниот лидер зборуваше дека позитивниот извештај на ЕУ е лажен и незаслужен, од партијата се обидоа да фатат приклучок, изјавувајќи дека за влезот во НАТО и за почнувањето на преговори со ЕУ се заслужни и - сите претходни влади. Оваа релативизација мора да се разобличи. Точно е дека ВМРО-ДПМНЕ како партија беше една од иницијаторите на Резолуцијата во Собранието, веднаш по осамостојувањето, за влез на Македонија во НАТО како стратешка цел, дека беше на власт кога се потпишуваше спогодбата за Партнерство за мир, но точно е и дека ВМРО-ДПМНЕ на Груевски го исклучи поранешниот лидер на партијата што ја застапуваше оваа политика, отстапи од изворната партиската идеологија и се претвори во акционерско друштво за богатење на поединци и на партијата која го носи епитетот - најбогата во Европа.

Затоа се наметнуваат неколку логички прашања: како оваа партија стана заслужна за приемот во НАТО и за одлуката за почнување преговори за прием во ЕУ? Дали поради незаконски прислушуваните повеќе од 25.000 домашни граѓани и странски дипломати? Дали поради „Скопје 2014“ и антиквизацијата, кога на споменици, стиропор, леарници и уметници се потрошија повеќе од 800 милиони евра за создавањето нов и „подлабок“, антички национален идентитет од словенскиот? Дали поради растурањето на сите државни системи - здравство, образование, безбедност, економија, егзодусот на младите што сега се враќа како бумеранг... Дали поради заробувањето и ограбувањето на државата, за што се донесени судски одлуки, а во тек се судски и обвинителски процеси и постапки против околу 300 функционери од тогашниот раководен партиски и владин врв на ВМРО-ДПМНЕ? Дали поради бојкотот на референдумот за Преспанскиот договор и спогодбата со Бугарија кои широко ги отворија вратите на НАТО и ЕУ...

Од сево ова, нормално е да се постави уште едно прашање: има ли некој во оваа партија да му каже на раководството дека изборите се откажани за друго време, како и дека Македонија и светот се соочуваат со пандемија и дека сите ресурси - институционални, стручни и човечки - треба да се спрегнат во оваа егзистенцијална борба, глобално на човештвото, и локално на нашите граѓани и татковината. Пристапот на оваа партија кон изборите и пандемијата наликува на онаа дека волкот ги менува влакната, ама не и карактерот. Декларативно, најважни им се здравјето и животите на луѓето, меѓутоа, во ниту еден случај не забораваат да кажат дека по изборите, на кои сигурно ќе победат (!?) - брзо ќе нè внесат во ЕУ, ќе ги расчистат сите криминали, ќе ја реформираат државата, ќе тече мед и млеко...

Сега е време за соочување со реалноста, за збивање на редовите, за човечност, солидарност и помош на оние на кои им е потребна, а не за поделби, ширење негативна енергија, лажни вести и дезавуирање на институциите во време кога мнозинството граѓани почнаа да ја враќаат довербата во нив. Всушност, на крајот на краиштата, и ВМРО-ДПМНЕ, преку пржинската влада, на која толку инсистираа, е дел од власта и треба да се концентрира преку тој инструмент што повеќе да им помогне и да им го олесни животот на луѓето и на бизнисот, на кои партијата толку се повикува. А мегданот за политички битки, кампањи и избори ќе дојде кога за тоа ќе се создадат здравствени, законски и политички услови.

ЈАЗИКОТ НА КОЈ СЕ НАПИШАНИ, КАКО И СТАВОВИТЕ ИЗНЕСЕНИ ВО РУБРИКАТА „ТРИБИНА“, НЕ СЕ СЕКОГАШ ОДРАЗ НА УРЕДУВАЧКАТА ПОЛИТИКА НА ВЕСНИКОТ

### ТОП TWEET



**Војче Китановски**
Вчера ми се јави пријател по телефон. Здраво господине, како сте и каде сте? Добар сум, во самоизолација сум. Колку време? 65 години. Не знам зошто, врската се прекина.



**Иљче Затаракоски**
Ако мислите дека вам ви е тешко, замислете како му е на кумот на Маленко. Кај и да е, пак пари на музика ќе требит да дават...



**Тања Аждаја**
Плата - ќе ти стигне, но нема да ти стигне.

СЛОБОДЕН ПЕЧАТ. WWW.SLOBODENPECAT.MK

Датум на печатење: 6.4.2020 | **Тираж: 7.200 примероци**
Првиот број на весникот „Слободен печат“ излезе на 19-20.10.2013

**Издавач**
Друштво за издавање и маркетинг
**Слободен печат Доо Скопје**
Кеј 13 Ноември, ГТЦ втор кат, локал 12
Д.Е.235, Скопје

**Управители**
**МИРОСЛАВ ЈОВАНОВИЌ**
**ДЕЈАН ВОЛФ**

**СЛОБОДЕН ПЕЧАТ**
Контакт-телефон: 389 2 55 11 763
mail: contact@pecat.mk
Маркетинг тел: 389 2 5511764
mail: marketing@pecat.mk
**даночен број:** MK4057013522738

**Главен и одговорен уредник**
**ЗЛАТЕ ЛОЗАНОВСКИ**

Заменик на гл. и одг. уредник
**ЖАРКО ЈОРДАНОСКИ**

Уредници
**МИЛОРАД СТОЈМАНОВСКИ,**
**СРЃАН ИВАНОВИЌ,**
**МИТКО БИЛЈАНОСКИ,**
**КРИСТИНА АПОСТОЛОВА**

Технички уредници
**ЗЛАТКО ЗЕЦ, ЕЛИСАВЕТА БЕЈКОВА,**
**ВИОЛЕТА КОСТОВСКА,**
**ИВАНА НИКОЛОВСКА**
Лектор
**ВИОЛЕТА КАРАЏОВСКА-СТОЈАНОВА**
**АРБНОРА МЕМЕТИ** (фото)
**Маркетинг:**
**МАРГАРИТА ЈОВАНОВИЌ**

Печати **ПЕЧАТ МК доо**
ул. Ристо Шишков бр.20 - Скопје
Дистрибуција:
**Бобан Шошкиќ**
тел. 389 72 443 896
Дистрибутер:
**Колпортер доо**
ул. Лисец бр.1 Б - Скопје
тел: 389 78 255 985

**Правен застапник:** Адвокатско друштво Пепељугоски - Скопје

ЈАЗИКОТ НА КОЈ СЕ НАПИШАНИ, КАКО И СТАВОВИТЕ ИЗНЕСЕНИ ВО РУБРИКАТА „ТРИБИНА“, НЕ СЕ СЕКОГАШ ОДРАЗ НА УРЕДУВАЧКАТА ПОЛИТИКА НА ВЕСНИКОТ

# Пандемија



**Џабир Дерала**
Рафал

Пандемија. Тешко се заспива во ова време. Полициските сирени и спорадичното пукање траат по цела ноќ. Главниот град е поделен на пет сектори, а преминувањето од еден во друг сектор е практично невозможно. Освен полицијата и војската, границите меѓу секторите ги чуваат и вооружени партиски милитанти кои воедно се и главните трговци, поточно шверцери.

Носењето маски е задолжително, но маски нема. Одвреме-навреме пристигнува некоја хуманитарна пратка, која веднаш преоѓа во рацете на партиските милиции на двете владејачки партии, за потоа да се продаваат за 10 евра по маска за еднократна употреба. Струја се произведува, но ја нема, а сметките се вртоглави. Советникот на премиерот за енергетика е сопственик на повеќе хидроцентрали, а има удел и во сите други делови на енергетскиот бизнис во земјата. Некои велат дека го води енергетскиот бизнис во име на премиерот. Како и да е, производството на струја не е доволно за задоволување на потребите во земјата. Некои велат дека произведуваме доволно и дека, всушност, увезуваме наша струја, но властите категорично ја отфрлаат таа теза.

Храна по продавниците има во ограничени количини и е скапа. Често е со поминат рок. Има неколку елитни трговски центри во строгиот центар на градот во кои на шопинг оди политичката, бизнис и медиумска елита. Велат дека цените на производите во тие шопинг центри се меѓу највисоките во светот.

Училиштата не работат. Наместо тоа, на првата програма на националниот сервис, секој ден се држат часови по мајчин јазик, математика, историја и веронаука. Преостанатото во програмата се народни патриотски песни и ора и по некој филм за борбата против Турците и Албанците.

Земјата е под ембарго на западните империјалисти. Помош во храна, лекови и медицински материјали пристигнува ретко и само преку Србија, а се испраќа од Русија, Кина, Северна Кореја и Турција. Велат дека дел од помошта доаѓа по шверцерски канали и од Унгарија која деновиве е пред исклучување од ЕУ. Премиерот на ФИРОМ завчера откри споменик на унгарскиот премиер во „Алејата на пријателите“ пред партиското седиште. Денеска се предвидува откривање споменик и на рускиот лидер, а скулптури посветени на српското, кинеското и турското раководство се очекува да бидат откриени во текот на оваа и наредната недела. За присуство и аплауз на овие настани се делат купони за храна и маски од продавниците на Силекс Кратово.

Утрово, прес-конференција закажаа премиерот и министрите за здравство, внатрешни работи, финансии и социјална политика. Министерот за смрт, како што своевремено го нарекуваа таканаречените „шарени револуционери“, говори дека бројот на заразени и заболени е во константно опаѓање во нашата земја, за разлика од погубните статистики на гнилиот Запад, но дека вонредната состојба мора да се задржи поради превенција. Тој удира нервозно по микрофоните и извикува дека тој е чесен патриот и дека владата е чесна и патриотска. Тврди дека се лажни вести тврдењата дека на гробиштата низ земјата веќе нема место за стотиците починати од вирусот што го зафати светот. Тврди дека пандемијата практично ја заобиколи нашата земја.

Министерката за внатрешни работи информира дека криминални и терористички ќелии биле разбиени во текот на минатата ноќ во делови од главниот град и во неколку други градови и села во западниот и северозападниот дел на земјата. Уапсени се околу триста лица, меѓу кои и јатаците на терористите. Меѓу уапсените има и неколку малолетни лица, како и лица во длабока старост. Понатаму, таа изјави дека се уапсени и нови четворица шпиони на странските служби кои, маскирани како новинари, извршиле шпионско-терористички дејствија, според ПИ-мерките што ги спроведувало МВРО по налог на ЈО.

На крајот од своето излагање, министерката за полиција, низ солзи кажува дека загинале уште неколку храбри припадници на полициските сили во пресметка со терористите. Воедно, таа ѝ соопшти на јавноста дека Џабир Дерала, Сашо Ордановски и други предавници и политиканци продолжуваат со бесрамно ширење лажни вести. Таа нагласи дека совесните медиуми, како ТВ Алфа, Сител, Канал 5, Курир, Република, Инфомакс, Плусинфо и неколку други, мора да добијат уште повисоки субвенции за објективното информирање.

Министерот за социјални работи, видно разнишан од утринската доза алкохол, соопшти дека стандардот на населението е во пораст, додека бројот на социјални случаи е во константен пад. На крајот од своето кратко излагање, тој се осврна на, како што ја нарече, „предавничката опозиција“. „Ќе има пиштење, вриштење, само ако продолжат вака!“ – додаде тој.

> **Ова е дистопија. Настаните се фиктивни, но не и невозможни. Ликовите што се споменуваат се постоечки, а нивното однесување во овој расказ не е непознато.**

Министерот за финансии, кој мистериозно исчезна на неколку месеци, денеска за првпат се појави на пресот на владиниот врв. Во кулоарите се шушка дека бил „замрзнат“ поради своите изјави „Ние сме лудаци“ и дека сакал да му ја тресне слушалката од телефонот од главата на својот кум, премиерот. Тој ја информира јавноста дека Владата, во услови на светска рецесија, постигнува рекорди во економијата и дека компаниите и земјоделците нема за што да се грижат. Тој додаде дека во моментот се отворени 44 тендерски постапки. Министерот за финансии изјави дека се лажни вести тврдењата дека на сите тендери победуваат фирмите на братучедот и пријателите на премиерот. „Премиерот дури е и скаран со својот братучед,“ аргументираше министерот за финансии.

По министрите, вообичаено е да говори премиерот. Тоа што зборува последен, како што нагласил повеќепати досега, треба да биде сфатено како демократски капацитет на владата што ја предводи една и пол деценија. Тој во своите едночасовни говори се осврнува на актуелната политичко-безбедносна ситуација во светот и регионот, не штедејќи погрдни зборови за САД и ЕУ, а никогаш не заборава да ги спомене братските народи што несебично ја помагаат нашата земја во овој тежок период. Познато е дека неговите говори ги пишуваат луѓе од тимот на партискиот агитпроп што го води партискиот функционер, кој своевремено велеше дека опозиционерите ќе завршат во ендек сосе фамилии.

Денеска, премиерот најави дека, по предлог на МВРО, ќе бидат одобрени дополнителни 2,8 милиони евра за субвенционирање на совесните медиуми. Понатаму, премиерот соопшти дека земјоделците ќе добијат 34 отсто зголемување на субвенциите, а добра вест соопшти и за пензионерите, чии пензии и овој месец ќе се покачат за нови 124 денари, со што просечната пензија ќе се искачи на историски високо ниво. Минималната плата ќе се покачи на 9.902 денари, а и социјалната помош ќе се покачи за 93 денари, така што сега ќе изнесува 3.493 денари за четиричлено семејство. Неговиот говор често е испрекинат со бурни аплаузи од присутните новинари на совесните медиуми. Прашања од предавничките медиуми не се прифаќаат.

Прес-конференцијата денеска траеше околу четири часа и триесет минути, покрагко од вообичаеното. Министерот за труд и социјална политика замина пред да заврши прес-конференцијата. Однадвор се слушна тресок, како да се судрија повеќе автомобили. Тоа веројатно бил џипот на министерот...

## Став.



↓ Срѓан Ивановиќ

# Сите теории на заговор на едно место

Кралицата на Велика Британија, Елизабета Втора, се обрати во живо пред своите поданици, порачувајќи им дека сите тие заедно ќе ја пребродат кризата. Дека ќе победат во борбата со епидемијата на коронавирусот. Но, тоа што им се виде како најинтересно на британските медиуми од ова обраќање на кралицата, беше фактот дека е само петто нејзино вонредно обраќање пред нацијата во последните 70 години. Можеби е време за паника, помислија многумина.



Во меѓувреме, од Островот ја добивме и вознемирувачката вест за здравствената состојба на тамошниот премиер Борис Џонсон, кој е примен на болничко лекување, откако по лекарските прегледи било утврдено дека симптомите што тој ги дава од заразата се „упорни“. Џонсон не е млад човек, па веројатно било пресметано дека тој би требало да се стави под лекарска контрола, со цел да се избегнат фаталните последици по неговото здравје, откако се знае дека веќе подолго од една недела тој е заразен со коронавирусот. Место за паника, секако, нема.

Но, тоа што мене најмногу ме вознемири од вестите што доаѓаат од земјата на нејзиното височество, беше информацијата дека поголема група министри во владата на Џонсон, не ја отфрлаат можноста дека коронавирусот ковид-19 е всушност излезен на некој начин од лабораторијата во Вухан, Кина, од каде што кон крајот на минатата година започна да се шири заразата, која потоа премина во пандемија. Значи, повеќе британски министри не ја отфрлаат тезата, која во последно време може да се пронајде во објавите и твитовите на секој теоретичар на заговори, кој барем малку држи до себе. Теории има повеќе, но личностите што ги лиферуваат се секогаш исти. Или барем до неодамна беа истите, бидејќи од вчера тие седат и во британската влада.

Но, во што всушност се состојат теориите. Таму некаде пред Нова година ја прочитав првата приказна дека Кинезите го развивале коронавирусот како боен отров, со цел да го пуштат на територијата на своите непријатели. Но, вирусот кој веројатно е така ѓаволесто настроен, избегал од тоа епруветите и се стрчал кон пазарот на Вухан каде што се продаваат ретки диви животни за јадење и скокнал во некоја змија, која штотуку изела лилјак!? Можеби? Но, за само еден или два дена во доброинформираните таблоиди во Србија налетав на една сензационална вест, во која се вели дека Американците го развиле, а потоа и го пуштиле на кинеска територија вирусот, за да ја запрат кинеската економија која се заканува да ја уништи нивната. Добро велам, тоа има некаква смисла.

Сепак, вирусот ја прелета планетата и два месеца подоцна Кина е жива и здрава, а САД се најдоа во епицентарот на заразата. Токму тоа беше повод да се напише нова вест, во која се поентира дека Кинезите лабораторски го развиле вирусот за да ја уништат американската економија?!

Лично уживав и кога читав за онаа епопеја околу докторот кој прв предупредил на ширењето на новиот вирус, потоа беше уапсен, а потоа и ненадејно умре од заразата. Истиот тој, два месеца подоцна оживеа, стана жена и мистериозно исчезна. Или двајца доктори во исто време предупредиле на заразата, или тука теоретичарите потфрлиле?

Да бидам искрен, тоа со 5Г мобилната технологија и со коронавирусот не го разбрав најдобро. Не сфатив како тоа преку антените се шири вирус? Преку мобилен телефон или преку СМС? Навистина не знам.

И кога конечно бев пред донесување резолуција со која ќе ги отфрлам сите можни теории на заговор, се појавија министрите на Џонсон. Од добро известени кругови се наведува во медиумите, тие врз база на доверливи информации, повеќе не ја отфрлаат можноста вирусот да излегол од лабораторијата во Вухан.

Вистината е веројатно многу помалку интересна од тоа што пишуваат таблоидите, теоретичарите на заговори или британските министри. Коронавирусот е опасен непријател по здравјето, но огромен дел од човештвото ќе преживее, а со тоа и огромен дел од Британците, кои на раат и со носталгија ќе можат да се сеќаваат на деновите од нивната славна империја, во која сонцето никогаш не заоѓало. Токму во империјалните архиви на својата земја ќе можат да го пронајдат податокот дека баш нивните трупи го извеле првиот биолошки напад во историјата. Ќебињата наменети за индијанските племиња од округот на Њујорк биле премачкани со исцедоци од големи сипаници, стручно познати како вариола вера. Дури потоа следува иперитот, антраксот и лилјакот од Вухан.



# Баталете политиканство, дајте поддршка



Сашо Ордановски
Цивил медија

Ако политичката нервоза, што почнува да ја манифестира опозицијата, расте побрзо од ескалацијата на последиците од заразата во Македонија во април, ќе треба да се соочиме со нешто што може да прерасне во хистерија, а тоа не е добро за целото општество.

Сметам дека не е ни важно зошто Мицкоски нагло го зголемува притисокот. Можеби од страв, можеби од збунетост, можеби затоа што е лошо информиран, а можеби и затоа што мисли дека сега му е време за политички поентирања... Но, која и да е причината, таа не може да биде поважна од развојот на општата здравствена ситуација. Особено ако тоа се прави со изнесување погрешни или сосема лажни податоци. Кога тоа ќе се случи - како што му се случи на лидерот на опозицијата за викендот - добро е да следува брзо извинување и да се објасни дека тоа не се прави (се надеваме) со некаква задна намера, а не да се удвои пропагандата за дезавуирање на актуелната антивирусна политика.

Тоа не значи дека не треба да се поставуваат и тешки прашања до власта. Но, кај опозицијата не се чувствува конструктивност во тој евентуален напор. Не можат да ја скријат омразата кон политичките противници, а кога е Филипче во прашање, „пердето“ толку им паѓа врз очи, што ни апчиња за смирување не помагаат. Човек добива впечаток дека ако се случи и министерот за здравство да се зарази од коронава, тие би свикале вонреден партиски конгрес за со зурли и тапани да ја прослават таа „победа“!

Самиот Филипче, пак, предупредува дека влегуваме во „нова фаза“ од заразата. Преведено, тоа значи дека бројките во наредните недели ќе бидат лоши и ќе одат „нагоре“, веројатно по сите жални основи. Речиси е сигурно дека ќе следува заострување на мерките за изолација, по примерот на Дебар и Куманово, и во други општини низ Македонија.

Истовремено, процентот на досега заразени здравствени работници во светот е приближен на она што се случува и кај нас (околу 10 отсто од заразените, иако во земјите со најголем број случаи тие лоши статистики се повисоки), и тоа е резултат на ризикот на медицинската професија којашто е на првата линија на одбраната од вирусот. Според сите достапни споредбени информации, Македонија е релативно добро опремена и пристојно се носи во спротивставувањето со заразата. Но, да не заборавиме дека притисокот врз здравствените системи не го издржуваат ни најдобрите во светот. Всушност, секојдневно се соочуваме со нивниот драматичен распад.

> Можеби е попаметно за Мицкоски да сврти телефон до Јанша и до Орбан и да им пренесе некој совет од Филипче, наместо овде да дига тензии и да произведува смутови со политички задници. Време е за политичка конструктивност и поддршка. Оти ќе биде и полошо, пред да стане подобро. На таа заедничка рана сега сол не се дотура.

Истото се однесува и за здравствените политики по разни земји. На пример, деновиве многу спомнуваната Словенија, којашто е рекордер по вирусно тестирање и по висок здравствен стандард во регионов, има 30-40 отсто повеќе смртни случаи од нас (ако сакате споредбени статистики, а не апсолутни бројки). Истовремено, во Унгарија се прават помалку вирусни тестови од Македонија. Што значи тоа? Ништо. Бидејќи така беше вчера, а којзнае како ќе биде веќе утре. Сигурно е дека и Словенците и Унгарците го прават она што најдобро го умеат, како и ние. Но, ги земам Словенија и Унгарија како корона-пример за споредба, бидејќи таму се на власт пријателите на Мицкоски, додека овде технички владеат, главно, неговите „непријатели“. Па, можеби е попаметно за Мицкоски да сврти телефон до Јанша и до Орбан и да им пренесе некој совет од Филипче, наместо овде да дига тензии и да произведува смутови со политички задници.

Време е за политичка конструктивност и поддршка. Оти ќе биде и полошо, пред да стане подобро. На таа заедничка рана сега сол не се дотура.

# Какви политичари ѝ требаат на Македонија денес?



Денко Малески

Американските политички научници пишуваат за претседатели заробеници на своето искуство и на своите инстинкти кои, одеднаш, соочени со кризни околности, стануваle ирелевантни. Херберт Хувер, триесет и првиот претседател на САД, бил успешен бизнисмен, налик на Доналд Трамп, кој на првите избори на кои се кандидира победува и станува претседател. Но, заробен во своето бизнис искуство и своите инстинкти, Хувер не е во состојба да ја разбере длабочината на Големата економска криза од триесеттите, ниту има идеја како да ја реши, па изјавувал дека сè бргу ќе помине и дека „просперитетот е зад аголот“.

Го заменува Френклин Рузвелт, за кого колумнистот и истакнатиот либерален политички мислител Волтер Липман тогаш ќе напише дека е „пријатен човек кој без важни квалификации за позицијата, многу сака да биде претседател“.

Но, соочен со неволјата, Рузвелт знаел да се прилагоди на новата ситуација и со своите идеи за решавање на кризата, познати како „Њу дил“, да стане еден од големите претседатели на Америка. Токму како и Абрахам Линколн кој „растел“ со настаните: „Не тврдам дека ги контролирав настаните, туку признавам дека, едноставно, настаните ме контролираа мене“.

Навиките и инстинктите на денешниот претседател на Америка Трамп, пак, гласното и агресивно обраќање, пркос и себепромовирање кои речиси до вчера функционираа успешно против неговите политички непријатели, сега, во услови на пандемија, се закануваат да го срушат. Запрашан како ја оценува својата работа, без трошка скромност, Доналд Трамп одговара: „Јас би ја оценил со 10, мислам дека направивме одлична работа“.

Скромноста и способноста да се прилагодат на кризните ситуации беа карактерни особини и на двајца претседатели на Македонија, Киро Глигоров и Борис Трајковски. Соочен со кризата предизвикана од насилното распаѓање на федерацијата, интелектуално супериорниот Глигоров внимателно ги следеше настаните во Југославија, со цел успешно да ја реализира политиката на мирољубиво самоопределување на Македонија.

Имено, специфичната геополитичка положба на нашата држава и специфичните меѓунационални односи налагаа внимателност за каква што не мораа да се грижат некои од членките на федерацијата. Неговиот успех мирно да го премости најстрашниот конфликт во Европа по Втората светска војна и да ја доведе државата до членство во ОН, како што минува времето, ќе го вбројат во големите претседатели на малата балканска држава.

Соочувајќи се со една поинаква, домашна, криза, Борис Трајковски, пак, го заслужи местото во историјата на државата, напуштајќи ја политиката на својата матична партија на македонските националисти и застанувајќи зад проектот спонзориран од Западот - Охридскиот рамковен договор. Неговото спремност да се прилагоди на идејата за рамноправност меѓу етничките заедници и да ја запише во Уставот новата политичка организација на, сега веќе, мултинационалната држава, ја спаси земјата од етничка војна.

> Актуелните македонски политичари мора да покажат голема инвенција за здравствениот и економскиот систем на една сиромашна држава успешно да ја пребродат кризата, а тие да останат запаметени по добро. И, се разбира, да ги добијат наредните избори.

Денешната генерација македонски политичари е соочена со една поинаква криза - опасната зараза. Историјата опоменува дека секој оној кој нема да успее да се прилагоди на новонастанатата состојба пропаѓа политички. Актуелните македонски политичари мораат да покажат голема инвенција за здравствениот и економскиот систем на една сиромашна држава успешно да ја пребродат кризата, а тие да останат запаметени по добро. И, се разбира, да ги добијат наредните избори. Зашто кога се мислеше дека тема на изборите ќе биде Преспанскиот договор и членството во НАТО и во ЕУ, и кој застанал на правата, а кој на кривата страна на историјата која, во страшните времиња на Втората светска војна, ја правеле други, дојде епидемијата од чиј исход најдиректно ќе зависи како опстанокот на населението така и на оние во власта и во опозицијата.

Може ли некој да помисли дека веднаш по епидемијата „името“ ќе биде темата околу која ќе се кршат копјата на наредните избори? Може ли некој да мисли дека гласното и агресивното обраќање, пркосот и себепромовирањето, а не скромноста, работливоста и пожртвуваноста се карактерните особини кои ќе ги бараат граѓаните во своите политичари? Доброто во ова зло се лекциите што треба да ги научиме: дека се потребни идеи како да се заштитат најзагрозените делови на народот, а политичарите (со заштитни маски) да се на терен, а не по дома каде што се сега пратениците(!); дека е потребен конструктивен дијалог меѓу загрижени политичари, а не агресивна себепромоција на сезнајковци; дека никаде не нè води алчноста и егоизмот на сметка на општото добро и дека екстремно богати поединци во сиромашна држава се извор на нестабилност на општеството; дека треба да инвестираме во здравство и во заштита на човековата околина, во образованието, во паркови, во многу паркови, во чист воздух, во чисти води, во комунални служби во земја во која ѓубрето организирано се собира само од половина од населението; да инвестираме во градови и туристички центри кои ќе блескаат од чистота, во тротоари, пешачки и велосипедски патеки, во хигиена во ресторанити и на вработените во нив...

Заразата, верувам, ќе ја наруши, барем малку, скалата на вредностите во оваа насока. Тоа малку ќе биде голем цивилизациски исчекор за Македонија.

## Курсна листа

6.4.2020

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| EUR | 1 | 61.350 | 61.850 | GBP | 1 | 68.200 | 71.500 |
| USD | 1 | 55.750 | 58.200 | CAD | 1 | 39.400 | 41.250 |
| CHF | 1 | 57.050 | 59.550 | AUD | 1 | 33.400 | 35.100 |



**Социјалните мрежи „горат“ од корисниците на мобилните оператори**

# Благодариме за бесплатниот интернет, ама и со сметките да имавте мерка

**Реакции** Граѓани, јавни личности и економски авторитети бараат помали телефонски сметки додека трае кризата, или пак, можност за одложено плаќање, и тоа не само од финансиски причини туку и поради тоа што некои немаат можност за онлајн плаќање.



**Весна Дамчевска**

Телефонските и интернет-операторите дадоа свој придонес и согласно со максимата „Остани дома“, дадоа бесплатни гигабајти интернет и бесплатно вклучување на дополнителни телевизиски канали, а тоа беше поздравено од граѓаните. Но, деновиве сè повеќе расте нервозата на социјалните мрежи во врска со опомените од телекомуникациските оператори за неплатена сметка.

Граѓани, јавни личности и економски авторитети бараат помали телефонски сметки додека трае кризата, или пак, можност за одложено плаќање, и тоа не само од финансиски причини туку и поради тоа што еден дел од граѓаните немаат паметни телефони, компјутери или платежни картички и не се во можност електронски да си ја платат сметката, а не сакаат ни да се изложуваат на ризик и да одат по салоните за наплата.

Поранешниот министер за финансии Џевдет Хајредини го повикува „Телеком“ да се откаже од дел од профитот.

„Телеком нè повикува нашите сметки да ги плаќаме онлајн од дома, а не ни кажува на кој начин и на кои наши корумпирани политичари, од нашите пари, за да го користат монополот на пазарот, им плаќале повеќемилионски суми мито. Сега и од нив се очекува од профитот и од високите плати на нивните директори да помогнат во корона-кризата“, напиша на својот фејсбук-профил Хајредини.

Познатиот фоторепортер Роберт Атанасовски, пак, на својот профил го сподели тестот што го направил за „Телеком“.

„Македонски телеком, намерно не ви ја плаќав сметката да видам до кога ќе издржите. И толку беше, 15 дена и почнавте да плачете, цел свет стои, а вие ќе исклучувате, пораки праќате...“, напиша Атанасовски.

Под огласот за онлајн плаќање што деновиве преку социјални мрежи интензивно го пушта телефонскиот операторот „А1“, има море од реакции. На многу повозрасни граѓани не им е јасно како се врши онлајн плаќање. Една наша сограѓанка налутено реагира дека таа е во изолација, а нејзината ќерка има двомесечно бебе и нема доволно пари на сметката за да плати онлајн, па прашува како со бебето да оди во салон да ја плати сметката. Слична е реакцијата и на една мајка со 4-годишно дете, која вели дека таа нема платежна картичка за да може да плати онлајн.

Телефонските оператори први излегоа со низа поволности за да може граѓаните што полесно да ја поднесат домашната изолација. Сепак, одложено плаќање или намалување на износот на сметките, сè уште нема. Од „Македонски телеком“ и од „А1“, каде што пративме прашања дали се размислува за одложување на наплатата на сметките, чекаме одговор.

„Македонски телеком“, каде што и државата има удел, минатата година ја заврши со добивка од 24,5 милиони евра, покажуваат податоците што ги објавува самата компанија. На станицата на „А1“ нема финансиски извештаи.

**Истражување на Центарот за граѓански комуникации**

# Се зголемува ризикот од корупција при јавни набавки

**И во вонредни услови треба да се прават обиди да се преговара со повеќе фирми, апелираат од Центарот за граѓански комуникации**

Центарот за граѓански комуникации - ЦГК, оценува дека вонредната состојба со коронавирусот, општиот недостиг на неопходните производи и брзината со која се спроведуваат набавките, го зголемуваат ризикот од корупција при јавните набавки.

„Добавувачите, знаејќи дека институциите се во тесно и немаат голем избор, можат да го искористат овој период за зголемување на цените над вообичаените и реалните. За да се стесни просторот за злоупотреба на и онака скромните јавни ресурси, потребно е да се вложат максимални напори за зголемување на транспарентноста, отчетноста и рационалноста на овие набавки“, се констатира во извештајот на ЦГК.

Според Извештајот, во половина од склучените договори за итни набавки се преговарало само со една фирма и оттаму сугерираат и во вонредни околности институциите да се обидат да преговараат со повеќе фирми затоа што така се добиваат подобри услови.

„На пример, една институција купила хируршки трислојни маски за 32 денари, а друга обични маски за 35 денари. Првата вклучила 8 понудувачи, а втората само еден. Некоја институција, пак, платила 3,9 денари за една заштитна ракавица, иако најчестата малопродажна цена на ракавиците дури и во вакви пазарни услови изнесува 3,5 денари“, пишува во Извештајот.

Заклучно со 5 април 2020 година се објавени вкупно 17 известувања за склучен договор, како и 12 одлуки дека е направен избор на најповолна понуда и дека ќе се склучи договор.

„Со оглед на малиот број договори, се отвора прашањето дали институциите ја почитуваат законската обврска – известувањата за склучените договори и самите договори да ги објават во рок од десет дена од склучувањето на договорот“, пишува во Извештајот.

## Вести

### На електронска трговија лани се потрошени 169,2 милиони евра

• Македонските граѓани минатата година потрошиле 169,2 милиони евра на онлајн купувања што претставува пораст од 26,5 проценти во споредба со 2018 година, објави денеска Асоцијацијата за е-трговија повикувајќи се на статистичките податоци на Народната банка.

Оттаму велат дека се зголемил бројот на продавниците што вршат електронска трговија, па минатата година преку нив се направени 49,8 отсто од онлајн купувањата, а од странство реализацијата на електронската трговија е 50,2 отсто.

### Поевтин бензин и дизел

• Цените на бензините од полноќ се намалија за половина денар, а цената на дизелот за 1 денар.

Согласно со одлуката на Регулаторната комисија за енергетика, „еуросупер БС-95“ се продава по 48 денари за еден литар, „еуросупер БС-98“ за 50 денари, а новата цена на дизел-горивото е 45 денари за литар.

За нешто повеќе од два месеца, цената на бензините на македонскиот пазар на почетокот на април опадна за дури 20 денари по литар, додека мазутот денес може да се набави двојно поевтино во споредба со крајот на јануари годинава.

### Извлечени 15 добитници на 100.000 денари од „Мој ДДВ“

• Извлечени се 15-те најсреќни добитници на награда од по 100 илјади денари, а кои скенирале сметки во текот на март.

Извлекувањето беше јавно, во саботата, на Канал 5 ТВ, а од Министерството за финансии информираат дека шестмина од наградените се од Скопје, по двајца добитници се од Струмица и од Прилеп и по еден од Штип, Охрид, Пробиштип, Тетово и Богданци.

Во првото тримесечје се скенирани вкупно 49,9 милиони фискални сметки со остварен промет од вкупно 21,9 милијарди денари, со вкупен ДДВ од 2,2 милијарди денари, соопштија од Министерството.

# Скопје

## Вести.

### Без струја дел од Центар

• „ЕВН Македонија“ АД известува дека денеска поради технички зафати во електросистемот на Град Скопје, без електрична енергија ќе останат дел од корисниците на булеварот „Кузман Јосифовски Питу“, Општина Центар.

Во периодот од 8:30 до 13 часот струја ќе немаат корисниците од булевар „Кузман Јосифовски Питу“ број 15, влез 2, станбено-деловниот комплекс „Скопјанка“, а од 12:30 до 16 часот корисниците од влез 3.

### Почна пролетната дератизација во Карпош



• Општина Карпош почна со редовната пролетна дератизација на канализациските шахти во сите 14 урбани заедници, информираат од општината.

Оттаму појаснуваат дека станува збор за активност што се спроведува двапати во текот на годината (напролет и наесен), а има за цел да ги уништи штетните глодачи (глувци) и инсекти.

– Дератизацијата се врши со помош на специјални хемиски средства и примарната цел е да се спречи ширењето на заразни болести – велат од Општината.

Оваа активност започна од урбаната заедница Карпош 3, а ќе се спроведе и во сите други населби.

### Дезинфекцијапред здравствените установи

• Комуналните служби на Општина Карпош во текот на вчерашниот ден миеја и дезинфицираа на паркинг-просторот и на платото пред Поликлиника „Букурешт“, Итната медицинска помош и ЈЗУ Институт за белодробни заболувања кај децата – Козле.

– Овие здравствени установи се на територија на Карпош и тука секојдневно циркулираат повеќе граѓани. Локалната самоуправа продолжува со секојдневните активности за миење и дезинфекција на локални улици, фреквентни места и урбана опрема, како и влезови од згради – информираат од Општина Карпош.

Оттаму ги повикуваат граѓани да се придржуваат до препораките за заштита од коронавирусот.



**Активности** Општината со акции за заштита од коронавирусот

# Центар со донации им помага на повозрасните и на ранливите семејства

**Препораки** Градоначалникот најави дека Општината ќе излезе со економски препораки за помош, како што е, на пример, одложено плаќање одредени давачки.

Општина Центар подели еден тон производи, донација од компанијата „Лакталис МК“, на семејствата што живеат во социјален ризик и на лица постари од 65 години со минимални пензиски примања на територијата на општината.

- Благодарност до невладината организација „Банка за храна“, здружението „Хуманост“ и волонтерите, кои заедно со нивни мобилни тимови и службите на Општината им помогнаа на нашите сограѓани. Продолжуваме и понатаму да бидеме солидарни и преку заеднички хумани акции да им помагаме на најранливите и најзагрозените граѓани, како наш најголем приоритет – напиша градоначалникот Саша Богдановиќ на својата фејсбук-страница.

Во акцијата за донирање можат да се вклучат сите заинтересирани хумани граѓани, кои можат да се јавам на општинскиот број за донации 076 313 383.

Општината и вчера продолжи со активностите за спречување на ширењето на коронавирусот. Се дезинфицираа влезовите на зградите, скалите, ходниците, лифтовите и сите заеднички простори. Од Центар велат дека дезинфекциите ќе продолжат и во наредниот период, во зградите на целата територија на општината.

Во однос на тоа дали центарци го почитуваат полицискиот час и мерките од Владата, Богдановиќ за „Утрински брифинг“ на порталот Слободен печат објаснува дека според информациите од полициските станици, генерално се почитува полицискиот час.

Градоначалникот најави дека Општината ќе излезе со економски препораки за помош, како што е, на пример, одложено плаќање одредени давачки.




- Нашата иницијатива е доставена до Град Скопје. Очекуваме оваа недела тие мерки да бидат донесени – вели Богдановиќ.

За тоа дали се размислува и има ли можност Општина Центар да се стави во карантин доколку продолжи да се зголемува бројот на заболени од коронавирусот, градоначалникот вели дека скопските општини се поспецифични, бидејќи се десет, а посебно Карпош и Центар кои се најфреквентни, бидејќи се наоѓаат во средина на градот.

-Доколку дојде до карантин, би требало да биде во целиот град, бидејќи џабе би спровеле карантин во Центар кога би имало движење во некоја од соседните општини – смета Богдановиќ.

Тој вели дека граѓаните се научија да ги почитуваат мерките и дека движењето е навистина многу намалено. Дури и за прошетките во паркот, тој смета дека се кратки прошетки и не се масовни. Но, што кога ќе се поправи времето?

- Веројатно тогаш ќе има поголема фреквенција на луѓе, кои ќе излезат да прошетаат, но ние имаме начин како тоа да го контролираме доколку има претерување, со комунални инспектори, комунални редари кои и онака се на терен - вели градоначалникот на Центар за „Утрински брифинг“.

**Доколку дојде до карантин, би требало да биде во целиот град, бидејќи џабе би спровеле карантин во Центар кога би имало движење во некоја од соседните општини – смета Богдановиќ.**

**Општина Чаир**

# Ќе се гради нов објект на градинката „Фидани“

Градоначалникот на Општина Чаир, Висар Ганиу, потпиша договор за изградба на новиот објект „Бамби“ на детската градинка „Фидани“ во Чаир со Министерството за труд и социјална политика.

Како што наведуваат во соопштението од Општината, со ова сè е спремно по завршувањето на вонредната состојба да почне и процесот на изградба.

Оваа капитална инвестиција, стои во соопштението, ќе изнесува околу 150 милиони денари и ќе обезбеди просторен капацитет со современ стандард за 350 деца во предучилишното образование.



# ЖЕНСКИ ПЕЧАТ

**БРОЈ 18** | **Вторник, 7 април 2020.** | Неделен прилог

**И НИЕ СМЕ ОД ПЛУТОН**


## СТИЛ НА НЕДЕЛАТА

**ЖАНЕТА ГЕЛЕВСКА ВЕЛЈАНОСКА,**
*уметница*



**МАЈА БАБИЌ, оперативен менаџер во „Баги комуникации“:**
Ќе ги прескокнам сите клишеа за тоа каква треба да биде жената со стил и веднаш ќе кажам, уметницата Жанета Гелевска Велјаноска за мене е жена со уникатен и оригинален стил. И кога мислам на стил, мислам не само на нејзиниот надворешен изглед туку и на сè она што таа го прави, како и начинот на кој живее. Убедена сум дека боите и нијансите го



прават животот, а Жани е мајстор за бои. Ако ја следите на социјалните мрежи нема да можете да се изнагледате од блескави колоритни фотографии од нејзините модни комбинации, од сликите што ги создава, од храната што ја приготвува, од нејзиното ателје или од домот. Секое парче гардероба што таа ќе го одбере за свое, неминовно претрпува креативна трансформација и станува уникатно. Таа има бескраен талент за комбинации на бои, материјали и текстури од кои застанува здивот. Неколкупати сум се обидела да ископирам нешто од нејзиниот стил, но само еден поглед во огледалото ми кажува дека стилот на Жани е невозможно да се копира. Таа ги руши стереотипите за тоа колку накит е доволно, за тоа дека одредени бои или материјали не одат едни со други. Ми се допаѓа дека не практикува да се шминка, па така целиот фокус е токму на тој нејзин уникатен стил. Во овој контекст не помалку важен е и стилот во нејзиниот дом. Престојот таму е како да сте во некоја галерија или музеј, а истовремено и во најтоплиот дом на светот. Секој детаљ е осмислен и допрен од нејзината креативност. И сè ова дополнето со нејзината неверојатна енергија и позитивност.

## НАША ЖЕНА

*д-р Марија Личеноска:*

# Ако се плашиш дека ќе се разболеш, подобро е да не бидеш доктор

Додека мнозинството сме во домашна изолација, докторите се во првите борбени редови со коронавирусот. Како им минува денот, дали се соочуваат со страв, какви се предизвиците, размислувањата, како се заштитуваат и во што веруваат, на овие прашања ни одговара доктор Марија Личеноска, специјалист по анестезиологија, реанимација и интензивно лекување во Градската општа болница „8-ми септември“.

*Моите најголеми предизвици се да испратиш пациент на нозе, пациент за кој си се посомневал дека ќе преживее. Тоа е мојата најголема радост и мојата најголема награда, вели анестезиологот Личеноска.*

**Што најмногу те плаши во текот на работниот ден и како се справуваш со стравот?**

- Секогаш сум велела, а така ги учам и младите специјализанти, дека покрај големото искуство, секогаш може да наидете на ситуација која не сте ја виделе досега или со која не можете да се справите, или да се снајдете. Во медицината никогаш два и два не се четири и немојте да помислите дека сè знаете - јас сè можам, јас сè сум научила... Во работата и воопшто во животот, постојат чудни начини кои ќе ви докажат дека тоа не е така. Со стравот се справувам, обидувајќи се да бидам смирена во тој момент. Зашто ако треба да решите некоја ситуација, а стравот преовладува, вашите одлуки нема да можат да бидат правилни, соодветни. А, многу често во нашата работа мора да се донесат многу брзи и соодветни одлуки. Секако, за смиреноста треба искуство и тренинг. Кога ќе се реши состојбата, отпосле навира стравот што сè можело и како можело да се случи, па некако се чувствуваме како издишан балон или како воз да ве прегазил.

**Како се справуваат пациентите со сопствениот страв или заболувања?**

- Нема човек кој не се плаши од некаква болест, од операција. И ние докторите се плашиме. Особено ние се плашиме затоа што знаеме што сè може да се случи. Мојот дух е ведар и покажувам огромна емпатија кон пациентите, разговарам со нив, ги тешам, им објаснувам што ќе се прави, правам шеги со нив, разговарам на најобични теми, ги убедувам дека сè ќе биде во ред, со цел да го ублажам нивниот страв, да сфатат дека се во вистински раце, дека нема од што да се плашат.

**Овие денови сме преплавени со низа информации за заштита од коронавирусот, во каква заштита ти веруваш?**

- Точно е дека отсекаде доаѓаат различни информации, „полудени“ сме од вакви или такви заштита, од препораки од Светската здравствена организација па сè до препораки за треви, чаеви, бабини деветини, и не знам какви лекови. Како лекар ги претпочитам препораките на СЗО и тие ги следам. Како здравствени работници си имаме свои протоколи како треба да се однесуваме, како да се заштитиме, но препораките кои ќе ги дадам до обичнитр граѓани се: не излегувајте од дома освен за итна потреба, социјална дистанца, исклучителна хигиена на раце и целото тело, заштита со маска и ракавици доколку морате да излезете, пазарењето да биде во поголеми количини за поретко да излегувате да пазарите, дезинфекција на амбалажата на тоа што ќе го купите, дезинфекција на станот. Сепак, најважно е да седите дома. Прочитав една студија во која пишува дека вирусот се задржува во воздухот три часа, на бакарот - дваесет часа, на картонот -педесет часа, на челикот - деведесет часа, на пластиката уште подолго, затоа е важна хигиената на продуктите кои сте ги купиле. Според друга студија, направена од доктор во Кина на пациенти кои биле изолирани дома, а биле позитивни на Ковид-19, вирусот во станот најмногу се задржува во тоалетот. Затоа апелирам тоалетот да биде чист.



**Најлесно е да се коментира на социјалните мрежи, полесно е да се коментира од втората или третата линија, а најтешко е да се биде во првите борбени редови со коронавирусот. Што точно гледаш од тој прв ред?**

- Секако дека имам страв. Нормално, сите се плашиме. Сепак би одговорила со еден цитат од еден доктор од Италија, Џанпјеро Гирон, 85-годишен анестезиолог кој волонтерски се пријавил да работи во оваа дадена ситуација, во оваа огромна криза во Италија. Тој вели, „кога ќе решите да бидете доктор во животот, вие знаете дека свесно влегувате во ризик. Јас сум дал заклетва за тоа. Дали да се плашам дека ќе се разболам? Во тој случај подобро е да не бидеш доктор“. Апсолутно и јас стојам зад оваа девиза.

**Кои се твоите најтешки предизвици како анестезиолог?**

- Секој ден е за мене предизвик. Секогаш велам дека нема мала и голема анестезија, нема полесен или потежок пациент во однос на болеста, па така, секој пациент е посебна приказна за себе. А моите најголеми предизвици се да испратиш пациент на нозе, пациент за кој си се посомневал дека ќе преживее. Тоа е мојата најголема радост и мојата најголема награда.

**Ј.К.Д.**


Ема Медуњанин, 10 месеци


Петар Петровски, 7 години


Ева Анчевска, 4 години


Христијан Станчевски, 6 години,

ЗА НАШИТЕ ДЕЦА

*Акција на Слободен печат*

# И нашите деца се медиумски ѕвезди!


Михаил Ангеловски, 4 години


Илина Блажевска, 3 месеци


Борјан, 2 години и Сара, 6 години Стојчевски


Деа Чепишева

Априлијадата за нас траеше речиси цела недела. Во редакцијата секојдневно пристигнуваа бројни весели фотографии од маскирани дечиња кои редовно ги објавувавме на порталот Слободен печат. Веруваме дека направивме сите тие дечиња да се чувствуваат како медиумски ѕвезди или барем, да ги израдуваме.

Накусо, акцијата - успешна, а ветеното - сторено.

На овие две страници ви ги претставуваме најкреативните маски.


Дарија Митрева, 3 години


Најдовски Матеј, 8 години, Давид, 4 години и Илина, 2 години


Петар и Миа Јовевски


Стефан Радичевски, 3 години


Јана Радичевска, 4 години


Ирис Васоска, 2 години


Јовчевски Луна, 10 години и Борис, 5 години


Христијан Велјановски, 4 години


Исидора Станоевска, 4 години


Лена Блажева, 7 години



Ника Ѓошевска, 3 ипол години


Максим Ангеловски, 4 години


Давор Митрески, 5 години


Вук Антиќ, 4 години

# Дел од првоаприлските маски во соработка со Центарот за ран детски развој „Мара Бубамара“


Петар Христов, 4 години

Од центарот за ран детски развој „Мара Бубамара“ ни пристигнаа фотографии од нивните дечиња креативно маскирани за Денот на шегата.

Посебноста и успешноста на центарот за ран детски развој „Мара Бубамара“ се должи на две вредни жени, Сања Костиќ и Сузана Буцевска Јовчевска, и нивниот тим кој работи под девизата децата се најголемо богатство. Во „Мара Бубамара“ се работи со дечиња на возраст од три до шест години, односно до поаѓање в училиште. Но, поради познатата ситуација на изолација, Сузана и Сања ги поттикнуваат и понатаму нивните дечиња на креативно размислување и делување.


Ана Гордовска, 5 години




Ненад Димоски, 3 години


Лана Антиќ, 4 години


Хана Георгиевска, 5 години


Неда Костадиновска, 5 години


Олег Петровски, 5 години

ЖЕНА НА НЕДЕЛАТА

**Дороти Пачкова, активистка и уметница**

# Дајте им приоритет на солидарноста, на споделувањето емоции и на заедништвото

**Академската сликарка и активистка Дороти Пачкова е активна во повеќе сфери, од борбата за родова еднаквост и борбата против родовото базирано насилство, до граѓански активизам и заштита и помош на вулнерабилни групи на жени и деца. Дороти работи и делува инспирирана од реалниот живот, се залага за солидарност, споделување на емоции и за заедништво, а тоа се гледа и преку нејзините ливчиња оставени во влезот преку кои им понудила да пазари на оние кои сами не можат од објективни причини за време на коронавирусот.**

*Имаме сѐ уште отворен апел, сите кои сакаат може да донираат пакети храна и хигиенски средства за погодените семејства, вели Дороти Пачкова, основач на невладината организација „Една може!“.*




Сѐ додека на жените животите им се доведуваат во прашање не можеме да зборуваме за еднакви права и можности

**Во секоја вонредна состојба, па така и во оваа, невладината организација „Една може!“, веднаш презема акција. Какви акции се моментно во тек и како можат граѓаните да се вклучат во нив?**

-Драго ми е што е забележана токму директната акција на Една може!, што е всушност и начинот на кој настана организацијата, фаќајќи се во коштец со дадената ситуација за конкретна целна група на жени и девојки. И овојпат, кога ги согледавме реалните предиспозиции да дојдеме во состојба на вонредност и пандемија, се собравме и стратешки претресовме што сѐ би можеле да очекуваме и кои се предизвиците на сите нивоа на кои соработуваме. Направивме пилот-анкета каде што јасно ги согледавме потребите кои самите самохрани мајки ги артикулираа и според потребите креиравме акции за време на пандемијата, но и стратешки коваме планови за справување со постпандемските последици. Во моментов „Една може!“ секојдневно го информира членството за состојбата на пандемија и изолација со споделување точни информации, вклучително и нови препораки. Прва надворешна активност при пандемијата ни беше апелот за помош и самопомош, веднаш штом децата престанаа да одат на училиште. Се организиравме и создадовме база на членки кои не можат сами да си пазарат зашто дома имаат мали деца кои не е мудро да се носат во високофреквентни затворени простории, како маркети, аптеки и слично. Потоа направивме јавен повик за волонтери според местото на движење и живеење, за оние кои сакаат да им помогнат на членките чие движење е ограничено. На наше огромно изненадување, се пријавија многу луѓе и направивме опфат на територија на сите општини во Скопје, а имавме и понуди за волонтирање низ неколку други градови во земјава. Втората надворешна активност се однесува на прибирање на донации за еднородителските семејства кои останаа без финансии, изгубија работно место, немаат можност да заработуваат формално, а често и неформално, поради новонастанатата состојба. Имаме сѐ уште отворен апел, сите кои сакаат може да донираат пакети храна и хигиенски средства за погодените семејства.



**Што е постигнато, а на што уште треба да се работи во однос на можностите и правата на самохраните мајки?**

- Како организација донесовме една многу важна тема на дневен ред, детектиравме проблеми, понудивме успешни мерки за опции, пролиставме што може да примениме во нашава заедница за да ги унапредиме правата на еднородителските семејства, излеговме со конкретни мерки и предлози на ниво на политики, на ниво на закони и национални и локални. Делумно имаме контакт со донесувачите на одлуки, најчесто сме неслушани, но ни одблизу не е состојбата каква што заслужуваме. Во последниве две-три години почнавме да трасираме пат за остварување на нашите права, кои всушност, засега, се сѐ уште сониште за еднакви можности на еднородителските семејства со традиционалните семејства. Треба да се работи на национални стратегии кои ни ги одбиваат, зашто тоа ќе значи и долгорочно обврзување за кое секако, мора да се најдат соодветни буџетски обезбедувања, а во моментов државата не успева да ги изнајде. Сепак, сѐ додека постоиме, ќе лобираме и застапуваме, ќе бараме решенија за долгорочно системско уредување на потребите на членките и члновите на еднородителските семејства за да стасаат до благосостојба на живеење.

**Кои се најгорливите прашања на нашата жена, дали сѐ уште е тоа семејното насилство?**

- „Она што суштински на жената денес ѝ недостасува за да прави големи нешта е сопствен заборав, но за човек да се заборави себеси најпрвин неизбежно е да биде цврсто убеден дека сега и во иднина човек се пронашол себеси“, пишува Симон де Бовоар во „Вториот пол“. Се огласувам, одвишно е да теоретизираме и повторуваме емпириски докази. На ниво на политики, иако се трудиме, сѐ уште сме далеку од еднаквите можности помеѓу мажите и жените. На културолошко ниво, состојбата не е најсјајна, немаме премогу историска пракса која сведочи за женската солидарност, бидејќи главно жените биле во царството на приватното – домот. А денес, и приватното е јавно, па и односите во домот се јавна работа. Како е распределен домашниот труд е политичка одлука, како се стекнуваат финансиите, како се менаџираат во домот и за чии потреби одат, исто така е политичка одлука, политичка одлука е и дали ќе се мажиме, дали ќе имаме деца, дали ќе посвоиме дете, дали ќе градиме кариера и слично. Семејното насилство и тоа како е производ на политички и културолошки одлуки на едно општество. И денес е легитимен проблем во нашава земја, но и глобално. И никако да не заборавиме, во над 80 отсто жртвите на семејно насилство се жени, што зборува за родово базирано насилство. Насилството ако го перцепираме од ниво на политики, заклучуваме дека е сериозен родов проблем, кој доколку не се разрешува, е атак токму врз целиот женски свет од страна на институциите задолжени да го разрешуваат. А сѐ додека на жените животите им се доведуваат во прашање не можеме да зборуваме за еднакви права и можности. Не можеме да ги унапредуваме општествените односи и не можеме да „растеме“ ниту како заедници ниту како поединци. Затоа не можеме ниту едноставно да се пронаоѓаме себеси во вакви средини.



**Што мислиш, каква поука ќе извлечеме кога овој тежок период на изолација ќе заврши?**

- Кога ова ќе заврши, на почетокот мислам дека ќе пробаме да го цениме фактот што сме живи, здрави и слободни. Посакувам оваа пандемија да нѐ научи да практикуваме солидарност, емпатија, сочувство, концентрирано внимание во односите што ги градиме, и да сме почесто свесни дека само на здрави темели може да имаме здраво општество. Здрави темели за мене подразбираат основа на држава на благосостојба. Или уредување кое им овозможува на сите граѓани остварување и развој на своите индивидуални и групни капацитети. Затоа, интензивно инсистирам на приоретизирање на солидарност, споделување на емоции, макар и емоции на тага, на страв, заедништво. Покрај сето мое досегашно функционирање, одлуките кои и во приватниот живот ги донесувам ги гледам како политички одлуки, па затоа и односот со моите најблиски ми е многу важен. Како сакам, колку споделувам, како давам, кому, во која и до која мера. Ете, со син ми напишавме ливчиња кај нас на влез, понудив да пазарам за оние кои сами не можат поради објективни причини. Така го воспитувам и син ми, да е свој, да прави мудри избори, да е нежен со себе и со своите луѓе, да знае што сака а што не, да открива, да учи и да љуби.

**Јасмина Кантарџиева Димков**

ЖЕНСКИ ПЕЧАТ
**Уредува:** Јасмина Кантарџиева Димков
**Лектор:** Теодора Циклевска
**Женска поддршка:** Валентина Ташева, Наташа Смилеска, Анита Митровска и Ивана Николовска

• Од почетокот на епидемијата, во париските болници меѓу медицинскиот персонал се забележани повеќе од 2.200 заразени со ковид-19, од кои четворица се сместени на интензивна нега.

– Од заразените некои се веќе излекувани – изјави првиот човек на здравствениот систем на Париз, Мартин Хирш.

Од почетокот на епидемијата во Франција според официјалните податоци починале седум лекари, сите на истокот од Франција, која е најпогодена од епидемијата.

Според него, од пред неколку денови се забележува стабилност на бројот на заразените кај медицинскиот персонал.



**Пандемија** Ковид-19 на Далечниот Исток



**Вонредната состојба ќе им даде поголема моќ на гувернерите да управуваат – да им порачаат на граѓаните да останат во своите домови**

# Вирусот стивна во Јужна Кореја, се разгорува во Јапонија

**Вонредна состојба** Владата на премиерот Шинзо Абе вчера одржа вонредна седница, на која се разгледувала опцијата за прогласување шестмесечна вонредна состојба.

Додека Јужна Кореја првпат по февруари помина ден со помалку од 50 нови регистрирани случаи на ковид-19, во Кина се зголемува бројот на заразени лица без симптоми, а Јапонија растревожено чека силен удар на пандемијата и сериозно ја разгледува можноста за воведување шестмесечна вонредна состојба.

Владата на премиерот Шинзо Абе вчера одржа вонредна седница, на која според локалната телевизија „ТБС“ се разгледувала опцијата за прогласување шестмесечна вонредна состојба во Токио и во три префектури околу главниот град, како и во Осака. Изворите на „ТБС“ тврдат дека вонредната состојба ќе биде објавена денеска, при што секоја од погодените префектури самата ќе решава кои мерки против ширење на епидемијата ќе наметне и колку време тие ќе бидат на сила.

Поради пандемијата, во март јапонскиот парламент усвои дополнувања на законите за да му овозможи на премиерот Абе да прогласи вонредна состојба ако биде оценето дека заразата може да биде „тешка закана“ за човечки животи или дека ќе зададе голем удар врз економијата. Вонредната состојба може да трае максимално две години, со можност да биде продолжена за уште една година.

За да ја заштити економијата, премиерот Абе неколку недели се воздржуваше да го примени ова ново „оружје“ во борбата за заштита на здравјето на граѓаните и на економијата, но се чини дека конечно попуштил под притисокот од јавноста, бидејќи во Токио бројот на заразени експлозивно се зголемува.

Вонредната состојба ќе им даде поголема моќ на гувернерите да управуваат – да им порачаат на граѓаните да останат во своите домови, да затвораат училишта и јавни установи и да бараат од фирмите да прекинат со работа и да откажат настани.

Во Јапонија, за разлика од повеќето земји во светот, силната традиција на општа доверба во авторитетите се очекува да биде доволно цврста гаранција за почитување на мерките. Новите надлежности не им даваат право на властите на префектурите да ги приведуваат ниту парично да ги казнуваат лицата што не ги почитуваат мерките, но може да бидат јавно кажани нивните имиња, што се смета за уште потешка казна во Јапонија.

- Јапонската држава е силно вградена во општеството и има неверојатно голема моќ да дејствува преку моралните вредности. Тоа го нема во западните земји – објаснува Коичи Накано од Универзитетот „Софија“.

Локалните власти ќе добијат и моќ да управуваат со продажбата на витални производи, пред сè на лекови и на храна, како и да наредуваат итно транспортирање одредени стоки. Гувернерите може вонредно да пренаменуваат имоти и објекти заради медицински потреби. Под нивна директна управа се префрлаат дистрибуцијата на вода и на енергија, јавниот транспорт, како и јавните медиуми како средство за итно информирање на граѓаните.

Некои гувернери веќе побараа од граѓаните да останат дома за време на викендите, да избегнуваат собири и да работат од дома ако е возможно. Таквите мерки имаа одреден ефект, но далеку од потребниот за да се запре епидемијата.

**Коронавирус** Бил Гејтс предвидува

## Само со вакцина ќе се вратиме во нормала

Животот може да се врати во нормала само откако вакцина против коронавирусот ќе биде глобално достапна, изјави сооснովачот на Мајкрософт и филантроп Бил Гејтс. Се очекува дека вакцина за болеста ковид-19 би можела да биде развиена до крајот на годината.

Зборувајќи за „Фокс њуз“, Гејтс рече дека треба да се работи брзо на развој на новата вакцина и тоа во неколку милијарди дози.

Тој оцени дека развиените земји, какви што се САД, порано или подоцна ќе можат да се борат против вирусот, но тој мора да биде поразен во целиот свет.

– Работите навистина нема да се вратат во нормала додека вакцина не биде достапна практично во целиот свет - рече Гејтс, кој минатата недела ја повика американската влада да почне со изградба на фабрики за развој на најперспективните вакцини против коронавирусот.

Тоа може да биде губење милиони долари бидејќи некои вакцини веројатно нема никогаш да бидат потребни, а приватните компании не можат да го преземат тој ризик, изјави Гејтс, додавајќи дека приватните компании не можат да го преземат тој ризик, но федералната влада може, објасни филантропот, потенцирајќи дека тоа е единствениот начин да се обезбеди масовно производство на вакцини. „Фондацијата Гејтс“, која главно финансира здравствени програми, издвои 105 милиони долари за борба против сегашната пандемија.



**Лондон.**

## Борис Џонсон од болничка постела ја предводи британската влада

Британскиот премиер Борис Џонсон е примен на лекување во болница десет дена откако неговиот тест за коронавирус се покажа позитивен, објави Би-би-си.

– Џонсон продолжува да има постојани симптоми на коронавирусна инфекција – истакна портпарол на Даунинг стрит.

Тој објасни дека хоспитализирањето на Џонсон претставува „превентивна мерка“, преземена по совет на личниот лекар на британскиот премиер.

Џонсон останува да ја предводи Владата и ги повика граѓаните да ги почитуваат неговите совети за социјално дистанцирање. Засега тој се чувствува добро и нема потреба своите надлежности да ги префрли врз своите заменици во кабинетот.

# Гастрономија

Кога би сакале да бидеме само среќни, тоа лесно би го постигнале. Но, ние сакаме да бидеме посреќни од другите, а тоа е секогаш потешко, затоа што сметаме дека се посреќни отколку што сè.

**Монтескје**

**Без нутритивни вредности.**

## Внимателно со белиот леб додека сте во изолација

**Поради ваквиот начин на живот, лекарите и нутриционистите постојано апелираат дека сега, како никогаш претходно, треба да се обрне внимание на здравиот начин на исхрана и без исклучоци да се применува, бидејќи во вакви моменти физичката активност е целосно или делумно намалена.**

Додека трае епидемијата со коронавирусот, луѓето, или поради полицискиот час или поради самодисциплината што ја имаат, постојано седат дома во самоизолација и излегуваат надвор само за да ги набават неопходните намирници и лекови. Токму поради ваквиот начин на живот, лекарите и нутриционистите постојано апелираат дека сега, како никогаш претходно, треба да се обрне внимание на здравиот начин на исхрана и без исклучоци да се применува, бидејќи во вакви моменти, физичката активност е целосно или делумно намалена.

### Стручњаците предупредуваат

Здравиот начин на исхрана заедно со континуирана физичка активност или пешачење најмалку еден час, го прави секој човек помалку подложен на заболувања, бидејќи со тоа секојдневно се работи на зајакнување на имунитетот. Сепак, сега движењето и шетањето во природа се сведени на најмало можно ниво, па токму затоа треба секој да почне да јаде исклучиво здрава храна, која е неопходна во вакви моменти кога здравиот и силен имунитет буквално може да ви го спаси животот.

### Празни калории

Една од намирниците што колку што е можно повеќе треба да ја избегнувате е белиот леб, во кој се отстранети сите хранливи состојки, витамини, минерали како и целулозата. Белиот леб во својот состав содржи т.н. празни калории, а основниот протеин во неговиот состав е глутенот, кој сè повеќе и сè почесто и тоа на огромен број луѓе им прави проблеми, бидејќи тие создале алергиски реакции што се јавуваат по неговото јадење.

Имено, белиот леб во својот состав има висока калориска, а ниска нутритивна вредност. Токму затоа, луѓето што имаат проблем со покачената телесна тежина, со јадење леб ќе ја уништат секоја можност некогаш да ослабат.



### Доколку не сакате да се откажете, јадете леб само рано наутро

Сепак, доколку спаѓате во оние што во никој случај не сакаат да се откажат од јадењето леб, во тој случај следете ги препораките на нутриционистите и леб како и ѓеврек, бурек и други преработки од брашно, јадете само наутро, односно за време на појадокот. Од друга страна, пак, во никој случај немојте да го јадете за време на вечерата, особено ова важи за луѓето што имаат проблем со дијабетес, висок крвен притисок како и оние со прекумерна телесна тежина.

### Јадете овошје и зеленчук

Кога почна да се шири коронавирусот, првото нешто што го направија поголемиот број луѓе е тоа што отидоа до првиот маркет и купија поголеми количества храна што ја складираат во домовите. Меѓу таквата храна, најмногу се купуваа макарони, шпагети или јувки, бидејќи тие лесно се чуваат и имаат подолг рок на траење.

Сепак, според нутриционистите, тестенините, исто како што е случај и со лебот, не се препорачливи да се јадат во овој период кога физичката активност е комплетно намалена. Затоа, тие препорачуваат да се јаде храна богата со растителни влакна, кои ќе имаат улога да го забрзаат процесот на варење, но и храна богата со протеини и големи количества овошје и зеленчук, кои треба да се јадат секогаш, а не само сега, а кои ќе имаат улога да се зајакне имунитетот.

Важно е да се напомене и дека треба да се јаде храна богата со витамин Д, но и со калциум, кој може да се најде во млекото и млечните преработки, како и витамин Ц, кој има улога да го зајакне имунитетот, а го има во пиперката, јаболката, но и во цитрусното овошје.



**Подзаборавен народен лек.**

## Направете си карамелизиран шеќер со маргарин и млеко

• Карамелизираниот шеќер на кој ќе му додадете малку маргарин и млеко е напиток од нашето детство, со кој се лекуваа сите деца кога родителите ќе забележеа дека се појавуваат првите симптоми на настинка.

Сепак, овој народен лек, од година во година, сè помалку се користи, бидејќи во него се содржани состојки какви што е маргаринот и шеќерот, кои пак според нутриционистите, не се препорачливи.

Но, доколку сте од оние кои сепак тоа не ви пречи, добро е да знаете дека освен традиционалниот начин на подготовка, постојат и уште два други начини за да го направите овој народен лек.

**ШЕЌЕР, МЛЕКО И МАРГАРИН** - Овој начин на подготовка воедно е и најчест. Во сад ставете го шеќерот и оставете го да се карамелизира и потоа внимателно додајте му млеко и мешајте додека не се растопи. Потоа додајте малку маргарин (а многумина додаваат и свинска маст) и почекајте да се растопи. Напитокот ставете го во чаша и веќе може да се пие.

**МЛЕКО, МАРГАРИН И МЕД** - Загрејте го млекото до точка на вриење а потоа во него додајте го маргаринот. Кога маргаринот ќе се стопи, тргнете го настрана и мешајте уште неколку минути. Додајте го медот и ставете го напитокот во чаша.

**ШЕЌЕР, МЛЕКО И ЖАЛФИЈА** - Во тенџере на оган ставете го шеќерот. Карамелизирајте го, а потоа во него додајте млеко. Мешајте сè додека шеќерот не се стопи. Добиената течност тргнете ја од оган и во неа додајте неколку ливчиња жалфија. Откако ќе се олади, процедете ја и пијте ја во мали голтки.



**Рецепти.**

## Стапчиња со ким

**СОСТОЈКИ:**

- 300 грама брашно
- 200 грама путер
- 1 жолчка
- 6 лажици млеко
- 1 прашок за печиво
- 1 пакување ким

**ПОДГОТОВКА:**

Во сад измешајте ги сите наведени состојки. Со раце убаво измесете го тестото, а потоа истурете го на рамна површина на која претходно сте ставиле брашно. Тестото со помош на сукало развлечете го со дебелина од еден сантиметар. Кората исечете ја на долги ленти. Лентите премачкајте ги со жолчка и наросете ги со ким. Печете ги во претходно загреана рерна на 150 степени околу 15 минути.



## Шпански ветер

**СОСТОЈКИ:**

**ЗА КОРА:**

- 8 белки
- 500 грама шеќер во прав
- сок од еден лимон

**ЗА ФИЛ:**

- 4 жолчки
- 3 лажици брашно
- 200 милилитри млеко

**ВТОР ФИЛ:**

- 250 грама путер
- 4 жолчки
- 300 грама лешници



**ПОДГОТОВКА:**

Во подлабок сад ставете ги белките и со миксер убаво изматете ги, постепено додавајќи го шеќерот и сокот од исцедениот лимон, сè додека не добиете цврста пена. Добиената смеса истурете ја во поголема тава за печење обложена со хартија за печење. Кората печете ја околу еден час на температура од 120 степени. Готовата кора исечете ја на два еднакви дела. Во сад ставете ги жолчките, шеќерот, брашното и млекото и ставете ги на оган. Варете постојано мешајќи додека филот не се згусне а потоа тргнете го садот настрана и оставете филот да се излади. Со миксер убаво изматете го путерот со шеќерот во прав, жолчките и мелените лешници. Ставете ја првата кора, а врз неа премачкајте половина од едниот фил. Врз него премачкајте го и вториот фил, а одозгора ставете ја втората кора и врз неа повторно ставете од двата фила. На крај, декорирајте ја тортата со омиленото овошје.

**Разговор со психологот Марија Конеска.**

# Родителите не смеат да оставаат стравот и несигурноста да тлеат во детето



**Психологот Марија Конеска смета дека разговорот со децата е единствениот метод со кој родителите можат да им објаснат што всушност се случува во моментот во кој сите ние сме исправени пред голем број предизвици, но и на ограничен простор на движење на кој многумина не се навикнати**

**Елена Вељановска**

Состојбата на изолација на која сме подложени сите, сѐ со цел да се намали можноста од зараза со коронавирус, децата различно ја доживуваат. Како децата полесно да се справат со новонастанатата состојба во која им е ограничено движењето, како да им се објасни колку е важно сега да останат дома, но и што е најдобро родителите да направат за своите деца доколку имаат панични напади и се плашат да не се разболат, но и да не изгубат некој близок, разговаравме со психологот Марија Конеска.

● **Како психолог и како родител, што мислите, како изолацијата влијае врз децата?**

- Имајќи предвид дека изолацијата и карантинот за сите нас се новонастанати услови, реално и сосема логично е влијанието врз сите нас, особено врз децата, да биде различно. Децата реагираат различно и тоа во зависност од возраста. Некои се изненадени, други, пак, се задоволни, малите можат да бидат весели, други вознемирени, нервозни, но на сите деца изолацијата влијае мошне негативно, со оглед на тоа дека не треба да излегуваат надвор, да не се движат и дружат со своите другарчиња. Реалноста е дека многу од децата покажале бес во неприфаќање на изолацијата, па родителите се нашле доста затечени како да се справат со своето дете. Влијанието на изолацијата врз децата е повеќе негативно, бидејќи и самите родители не знаат како да им го објаснат овој нов начин на функционирање на своите деца, кој е тежок и за самите нив.

● **Што им порачувате на родителите, како тие, заедно со децата, полесно да го издржат овој период кога активностите надвор воопшто не се препорачуваат?**

- Родителите секогаш треба да изнајдат начини да им го исполнат секое време на децата продуктивно и во добра полза. Како што ќе издржат родителите, така ќе издржат и нивните деца. Родителите и преку своите постапки и преку своите чувства пренесуваат на децата начин на функционирање и начин на чувствување на нештата. Родителите мора да бидат силни, доста трпеливи и смирени и секогаш тука за своите деца. Да ја погледнеме и позитивната страна на оваа состојба, при што ние како родители поминуваме многу повеќе време со нашите деца отколку што сме поминувале досега.

● **Како најлесно да им се објасни на децата што, всушност, се случува и зошто не смеат да излегуваат надвор од своите домови?**

- Не е лесно да му објасните на своето дете дека вакво нешто толку сериозно и опасно по нашето здравје, досега немало и дека за тоа сѐ уште светот нема решение. Да му кажете дека и вие сте исплашени и во бессознание за иднината. Но, од друга страна, пак, знаете дека ако тоа буквално така му го сервирате на детето, било вие било преку вестите, тоа може да го погоди многу сериозно, и ако и вас ве види многу вознемирени секојдневно, тоа ќе се вознемири уште повеќе. Затоа, водете грижа вашите деца да не ги следат вестите што се пренесуваат за жртвите, заразените, за опасностите од оваа ситуација колку што е тоа можно. Од друга страна, мора да разговарате со децата и тоа често. Оваа состојба не се објаснува во еден збор, во еден разговор, со детето се разговара постојано, но се разговара за она што треба да се преземе, што треба родителите да направат и без тешки зборови да им се објасни на децата дека сепак има загрозувачка состојба за нашето здравје, но дека со заедничка грижа и внимание можеме да ја поминеме. Потребно им е да им се посочи дека ова ќе помине и дека тие и сите ние го можеме тоа.

● **Како да се постапи со децата кои се испаничени дека може да се разболат тие или некој член од нивното семејство? Како најлесно да им ги вратите позитивните мисли и насмевката?**





- Децата што се испаничени од оваа ситуација и не требало воопшто да се доведат до таков момент. Многу е потешко да ја вратите насмевката кога веќе сте пропуштиле да реагирате на моментот кога таа се изгубила. Родителите мора секојдневно без престан да разговараат со децата. Не смеат да ги остават стравот и несигурноста да тлеат, бидејќи и покрај нивниот огромен труд да бидат весели, тоа може да излезе во друга форма во подоцнежните години. Стравот кај децата да не изгубат близок, може да ги доведе до сериозна паника. Мора да се обрне внимание на размислувањата на децата, од каде потекнува стравот, како ја примиле таа информација... Треба да реагираат на индикаторите што го предизвикале стравот и да влијаат да се намалат. Да разговараат, бидејќи разговорот секогаш е најдобриот начин за решавање на проблемите со децата.

● **Како родителот на детето истовремено да му биде и едукатор и психолог, но и родител во овој период кога образовниот процес се реализира во домашни услови?**

- Родител сме сите ние, секако во секој момент, во секоја смисла. Да бидеш психолог со своето дете е исто како и да бидеш родител. Психолог те прави искуството, вниманието и ангажирањето околу своите деца. Психолог значи да го разбираш своето дете, а за да го разбираш, треба да знаеш да го слушаш и да го почитуваш, да го поддржиш и да му помогнеш, но и да го запреш ако греши, да го научиш сѐ што е потребно во однос на неговото добро однесување, да го казниш кога треба, со што ќе му укажеш на неговите грешки. Не секогаш ние ги учиме на сите работи што треба да ги знаат, треба и самите да ги оставиме да учат од своите грешки и од своето искуство. Да бидеш едукатор е исто како и да го воспитуваш своето дете. Тука нема ништо сложено, туку само треба да се посветиме на своето дете во полна смисла кога треба да се научи нешто. Ние не само сега, туку секогаш, истовремено сме и родители и психолози и едукатори на своите деца.

● **Дали вие психолозите во овој период на новововедени правила во домот, но и во целото општество, имате зголемен обем на работа и за што најчесто децата или родителите се консултираат со вас?**

- Да, секако. Нашата работа како психолози не би можела да се нарече работа ако не сме тука за сите луѓе во ситуации кога најмногу им требаме. Јас како психолог кој е лиценциран преку Комората на психолози на Македонија, сум вклучена во иницијативата и отвореноста за сите граѓани што имаат потреба од разговори, совети, препораки во однос на оваа новонастаната ситуација со коронавирусот. Работата на еден психолог е доста сложена и бара голем психички напор за да им помогне на другите луѓе на соодветен начин. Во овој период најчести се повиците токму од родители што одат на работа бидејќи мораат, а притоа стравуваат да не го донесат вирусот дома на своите деца и своите блиски, потоа родители што не знаат како да му објаснат на своето дете што се случува надвор и како да го пребродат овој период. Родителите се доста загрижени бидејќи се во неизвесност за целата состојба. Тоа е нормално. Ние како психолози сме тука да посочиме колку што е можно повеќе совети, начини, практики, но и позитивни мисли за тоа како да се справат со оваа состојба и родителите, и децата, и сите други што се затекнати, и тоа со максимално разбирање.



# Забава

## Занимливости.

### Прв тигар во светот заразен со коронавирус

• Тигар во зоолошката градина во Њујорк е позитивен на коронавирусот, што е првиот потврден случај на заразено животно со ковид-19 во САД и тигар во светот, соопштија официјални извори.

Министерството за земјоделство на САД соопшти дека станува збор за четиригодишен тигар, прецизирајќи дека уште шест тигри и лавови со кои „нулта“ тигарот бил во контакт, почнале да покажуваат симптоми на болеста.

Се претпоставува дека животното е заразено од работник во зоолошка градина Бронкс, позитивен на ковид-19.

Зоолошката градина соопшти дека тигарот почнал да покажува симптоми на болеста на 27 март, а се очекува сите животни да закрепнат.

Инаку, зоолошката градина во Бронкс беше затворена за посетители на 16 март, како дел од мерките за спречување на ширењето на пандемијата на коронавирусот.



### Политичар погребан во својот омилен автомобил, со рацете на воланот

• Чекеди Пико (72), кој бил високопозициониран член на јужноафриканската партија Обединето демократско движење, се онесвестил и починал минатата недела додека одел накај автомобилот пред својата куќа.

Неговото семејство рекло дека пред смртта тој изразил желба да биде погребан во својот омилен автомобил, „мерцедес Е500“ од 1980 година.

Пико бил испратен во својот омилен автомобил со двете раце прицврстени за воланот. Тој бил бизнисмен и татко на шест деца.

Неговата ќерка Сефора Летсвака изјавила дека нејзиниот татко порано бил богат бизнисмен и имал возен парк полн со мерцедеси, но во последно време имал големи финансиски проблеми и сите ги продал. Таа додала дека Пико поголемиот дел од своето време го поминувал во автомобилот, слушајќи музика, бидејќи тоа го опуштало.



## ВИЦОВИ

**ЦЕНА ЗА ЗАБ**

Стоматолог му вели на пациентот:

- За вадењето на забот ми должите 400 денари.

- Е зошто? Па на ценовникот пишува само 100 денари.

- Да, ама со вашето викање ми ги избркавте тројцата пациенти што чекаа во чекалницата.

**ИНАЕТ**

Тројца пријатели седат во кафаена, пијат ракија и се расправаат.

Првиот вели:

- Јас сум таков инает што жената кога ќе ме налути, цел месец не ѝ зборувам.

Вториот вели:

- А јас сум толку инает што кога ќе ме налути по три месеци не ѝ зборувам.

Третиот:

- Јас сум таков инает што жената ме налути уште на првата брачна ноќ и сè уште не сме имале секс до сега, веќе 15 години!

Другите двајца:

- Доста бре, 2 деца имаш!

- За инает не ја прашувам од кого се.

**СИН**

Машката стоногалка брои:

– 97, 98, 99, 100, 101... Драга, си родила син!

**КОМПРОМИС**

Разговараат двајца службеници:

- Денес му поставив ултиматум на шефот: „Или ќе ми ја зголемиш платата, или ќе ја напуштам фирмата“.

- И, како заврши разговорот?

- Постигнавме компромис. Ниту тој ми ја зголеми платата ниту јас ја напуштив фирмата.

**НАТПРЕВАР ВО ГЛУПАВОСТ**

Жената изнервирано му вели на мажот:

- А бре мажу, колку си глупав, поглупав не можеш да бидеш! Уф, колку ме нервираш. Да имаше натпревар за глупави луѓе, ти второ место ќе освоеше!

А на тоа мажот зачудено ѝ коментира:

- Е, зошто па сега второ место?

- Па, затоа што си глупав!



## Деновиве пред години.







**1614.** Умрел шпанскиот сликар и вајар од грчко потекло Ел Греко. Од родниот Крит преку Венеција, каде што учел да слика кај Јакоп Тинторето, и Рим, пристигнал во шпанскиот град Толедо во кој живеел 37 години и останал до смртта. Тој најмногу сликал портрети и обработувал религиозни теми. Негови најпознати дела се „Погребот на грофот Оргаза“, „Духови“, „Лаокон“, „Толедо“ и други.

**1939.** Роден е американскиот филмски режисер, сценарист и продуцент Френсис Форд Копола, еден од најзначајните филмски творци во САД во втората половина на 20 век, добитник на пет Оскари и две Златни палми на фестивалот во Кан. Ги режирал филмовите „Деменција“, „Сега си големо момче“, „Долината на среќата“, „Кум“, „Кум 2“, „Кум 3“, „Големиот Гетсби“ и други, а сценарио напишал за „Њујоршки приказни“, „Кум“, „Деменција“ и други филмови.

**1963.** Донесен бил Уставот со кој називот Федеративна Народна Република Југославија бил сменет во Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а Јосип Броз бил прогласен за доживотен шеф на државата.

**1990.** Фериботот „Скандинавска ѕвезда“ бил зафатен со оган во текот на крстарење во Северното Море меѓу Норвешка и Данска и во несреќата загинале 158 луѓе.

**1992.** САД ги признале како независни држави поранешните југословенски републики Словенија, Хрватска и Босна и Херцеговина.

## Избор од ТВ-програмата





**23:25** МТВ 1
**Ашер**
филм

**23:15** ТЕЛМА
**Бесилките**
филм

**23:35** СИТЕЛ
**Полицајци почетници**
играна серија

### МТВ 1
вести 17:00 19:30 22:30

| | |
|---|---|
| 09:10 | ТВ училница |
| 12:15 | Бушава азбука |
| 13:25 | Хераклеа |
| 16:10 | Музичко интермецо |
| 17:45 | Тунел |
| 18:25 | Дајте музика |
| 20:45 | Преспав |
| 21:40 | Пријатели |
| 23:25 | Ашер – филм |

### ТЕЛМА
вести 12:30 15:30 18:30

| | |
|---|---|
| 07:00 | Телма Амбуланта |
| 10:30 | Инспо |
| 13:45 | 90 минути |
| 16:15 | Црвена линија |
| 17:30 | Велвет - серија |
| 19:15 | Топ Тема |
| 20:35 | Топло - ладно – серија |
| 22:15 | Бесрамници – серија |
| 23:15 | Бесилките – филм |

### КАНАЛ 5
вести 15:00 18:00 22:00

| | |
|---|---|
| 06:55 | Здраво Македонијо |
| 10:00 | Визита |
| 11:10 | Ние и вие |
| 12:00 | Македонски приказни |
| 18:40 | Само вистина! |
| 19:40 | Тажна жена |
| 20:30 | Вести - Корона во Македонија |
| 21:30 | Забрането јаболко – серија |
| 00:30 | Бекстејџ |

### 24 ВЕСТИ
вести 14:00 16:00 20:00 22:00

| | |
|---|---|
| 07:00 | Македонија Денес |
| 10:15 | Фактор Здравје |
| 11:00 | Во Тек |
| 16.00 | Очи в очи |
| 17:45 | Отворено Студио |
| 20:40 | Столици |
| 21:45 |Ај не замарај - серија |
| 23:00 | Флексија |
| 23:30 | Женски Рај - серија |

### СИТЕЛ
вести 16:00 19:00 22:00

| | |
|---|---|
| 06:45 | Ја сакам Македонија |
| 10:00 | Дива земја - серија |
| 12:10 | Практична жена |
| 15:30 | Истанбулската невеста - серија |
| 17:00 | Брза кујна |
| 17:50 | Се или нешто - квиз |
| 19:45 | Близнаци - серија |
| 21:00 | Сестри - серија |
| 23:35 | Полицајци почетници - серија |

### АЛСАТ М
вести 16:00 19:00 22:00

| | |
|---|---|
| 07:00 | Документарна програма |
| 08:00 | Нов ден |
| 11:15 | Со стил |
| 16:40 | Попладне |
| 17:25 | Бескрајна љубов - серија |
| 17:50 | Прости ми – серија |
| 19:45 | Држиме за рака - серија |
| 20:45 | Мојата керќичка - серија |
| 22:00 | Економски магазин |

### НВО



Студена планина 01:20

| | |
|---|---|
| 06:00 | Седум животи |
| 08:00 | Пак ти |
| 09:45 | Кратки филмови од Дизни |
| 10:10 | Време на невиност |
| 12:25 | Толкин |
| 14:15 | Реставрација |
| 16:10 | Минатата недела вечерва со Џон Оливер VII |
| 16:45 | ВОЛШЕБНИ ПРИКАЗНИ |
| 18:25 | Пристаништето II |
| 19:10 | Последици II |
| 20:00 | Заговорот против Америка, |
| 21:00 | Мојата генијална другарка |
| 22:00 | Седум животи |
| 00:00 | Егзорцизам |
| 01:20 | Студена планина |

### НВО 2



Ова е крајот 21:45

| | |
|---|---|
| 06:00 | Тимот „Г“ |
| 07:30 | Малата сирена |
| 08:50 | Пробив |
| 10:50 | Џон Меккејн: За кого бијат камбаните |
| 12:35 | Во потрага по Аљаска |
| 13:30 | Потпретседателка |
| 14:00 | Морници 2: Проколната ноќ на вештерките |
| 15:30 | Приказна за играчките 4 |
| 17:10 | Чиракот на волшебникот |
| 19:00 | На орелски крилја |
| 20:35 | Зеро зеро зеро |
| 21:45 | Ова е крајот |
| 23:30 | Интервјуто |
| 01:20 | Најитно што може |

### ЕГЗОРЦИЗАМ



НВО

Главниот фокус на приказната е младата девојка Маша Артуковиќ која наводно е опседната од сатаната и чијашто состојба го предизвикува доаѓањето на Виктор Супило, свештеник кој треба да изврши егзорцизам врз неа. Ритуалот треба да се изведе во присуство на сестрата на Маша, Вера, на познатата психијатарка Софија и на една ненајавена новинарска екипа која сака да го прикаже егзорцизмот како контроверзен и опасен ритуал за кого нема место во современата католичка црква. Визбата на сестрите Артуковиќ се претвора во воена зона каде што мрачните тајни на ликовите излегуваат на површина. Додека сатаната добива сила поради нивната мизерија и грешките што ги прават, протагонистите мораат да погледнат длабоко во себеси за да најдат доволно сила за да се соочат со него.



НВО 2

### НАЈИТНО ШТО МОЖЕ

Избегнување автомобили кои возат брзо, луди таксисти и осум милиони непредвидливи пешаци, тоа е еден работен ден на Вили (Џозеф Гордон-Левит), најдобриот од издржливите и агресивни велосипедски курири во Њујорк. Потребен е посебен карактер за возење на лесните велосипеди кои имаат една брзина, немаат сопирачки, а ги возат луѓе и воедно вешти велосипедисти и самоубиствени лудаци, кои ризикуваат да станат лочка на тротоарот секојпат кога ќе влезат во сообраќајот. Но, еден тип, кој е навикнат да си го ризикува животот, тукушто ќе добие малку поголем ризик, кога една рутинска испорака ќе се претвори во трка на „живот или смрт“ низ улиците на Менхетен. Кога Вили го зема својот последен плик на денот, кој треба да го испорача најитно што може, тој открива дека овој плик е различен. Овој пат некој се обидува да го убие.

## Хороскоп

**Овен**
21.3 - 20.4.



• Претставниците на овој знак се способни да проголтаат мала измама, случајно запоставување и да го разберат недоразбирањето. Но, вие никогаш нема да можете да простите намерно предавство. Поради чудното однесување на партнерот, ќе почнете да се сомневате дека нешто не е во ред. Партнерот на каков било начин ќе ги скрие доказите, ќе лаже и ќе бега од незгодни прашања.

**Бик**
21.4 - 20.5.



• Ќе излезете посилни отсекогаш од непријатна ситуација и ќе се насочите кон личен развој. Нешто што ве спречуваше да растете како личност сега ќе исчезне од вашиот живот. Ниту небото нема да биде граница за вас денес. Можно е да почувствувате искушение да се вратите на стара лоша навика. Немојте, издржете! Денес вистината ќе биде откриена за многу нешта.

**Близнаци**
21.5 - 21.6.



• Некој голем план на кој долго сте размислувале, може конечно да почне да се оформува и да најдете начин за реализација. Сепак бидете трпеливи и не избрзувајте. Ќе се покажете во посериозно светло од вообичаено и ќе ги изненадите сите. На љубовно поле потребно е вашето присуство. Сфатете го сериозно партнерот и поставете се поцврсто.

**Рак**
22.6 - 22.7.



• Имате нереални очекувања кога е љубовта во прашање. Никој не може да ги исполни вашите високи критериуми и вие се тешите дека ви е подобро без никој, но не ви е, нели? Доживеавте големо разочарување, но одбивате да се соочите со тоа. Дајте си време колку што ви е потребно, да застанете на нозе, нема потреба да форсирате нешто што нема иднина.

**Лав**
23.7 - 23.8.



• Ќе покажете дека имате поголема доверба, што е добро, но никогаш не се препуштајте стопроцентно. Не си ја трошете енергијата на незначајни работи и фокусирајте се на она што ви е на вас важно. На љубовно поле ќе навлезете во фаза на нови задоволства, бидете отворени за нови идеи, време е да промените нешто.

**Девица**
24.8 - 23.9.



• И покрај фактот дека ќе биде многу профитабилен и мирен април за Девицата, тие нема да можат да избегнат предавство. Напредокот во кариерата може да ја влоши ситуацијата во личниот простор и семејниот круг. Не е исклучено ваша омилена и најблиска личност, на која ѝ верувавте и ѝ ги доверивте сите свои тајни, да ве изневери, да ве предаде, да ве наклевети.

**Вага**
24.9 - 23.10.



• На емотивно поле, денеска ќе поработите на развојот на еротската страна на врската. Ќе настојувате што побргу саканата личност да ја однесете в кревет. На професионално поле, ви претстои договор во врска со вложување или состанок со спонзори. Ќе биде малку тензично. Обидете се да бидете појасни. Здравје и совет: Многу работи ќе ви изгледаат здодевни.

**Скорпија**
24.10 - 22.11.



• Ситуацијата би можела да се комплицира, ако се наоѓате во врска која не е јавна. На почетокот сè ви изгледаше забавно, интересно, страсно... но кога се „разбудивте“ од овој сон, сфативте дека не е сè така розово. И на професионално поле, работите не се баш идеални. Обидете се да ги решите несогласувањата и проблемите како со колегите, така и со надредените.

**Стрелец**
23.11 - 21.12.



• Самодовербата ви се зголемува многу повеќе од очекуваното, време е да го искористите тоа и да донесете правилни одлуки. Бидете стабилни и силни, а истовремено не дозволувајте оптимизмот да ве напушти. На љубовно поле време е некои работи да излезат на виделина. Ќе знаете како да ги откриете деталите кои ве интересираат. Зборувајте отворено, без игри.

**Јарец**
22.12 - 20.1.



• На емотивно поле, многу е веројатно дека ќе се натпреварувате со саканата личност околу надмоќ во врската. Тврдоглавоста нема никого да направи среќен. На професионално поле, малите мудрости ќе бидат вашата добитна комбинација во работата. Не се залетувајте, туку прво промислете. Чувствувате емотивно незадоволство и фрустрација.

**Водолија**
21.1 - 18.2.



• Кој рано рани, две среќи граби. Или можеби не? Денес вашата енергија ќе биде ниска, па дозволете си да поспиете или да се излежувате во кревет подолго од вообичаено. Знаете ли што може да ви ги наполни максимално батериите? Енергичен тренинг! Колку и да звучи контрадикторно, физичката активност ќе ви дава живост.

**Риби**
20.2 - 20.3.



• На емотивен план, ќе верувате дека сте на добар пат, но вашите реакции ќе бидат необмислени. Контролирајте се и сè ќе биде добро. На професионален план денеска ќе се занимавате со финансиски теми. Ќе бидете задоволни со резултатите, но малку ве загрижува иднината. Здравје и совет: не ја трошете одеднаш целата енергија, во наредните денови ќе ви биде потребна.

# Спорт

**Олимпизам** По одложувањето на ЛОИ нови сомнежи



# Ќе се одржи ли воопшто Олимпијадата во Токио?

**Еден од водечките политичари во Јапонија се сомнева дека неговата земја е способна да ги организира Игрите и летото 2021 година, што неодамна беше даден како нов датум за одржување. Игрите 2020 беа презакажани за 2021 поради кризата со коронавирусот**

Олимпијадата во Токио стана првата во историјата што беше одложена. ЛОИ Токио наместо летово, презакажано е да се одржат за летото 2021 година. Трансферот на Летните олимписки игри во Токио од оваа за следната година ќе ја чини економијата на Јапонија 5,8 милијарди долари. Но и покрај тоа сè уште не може да се одговори дали домаќините ќе се справат и со новиот датум. Таква изјава даде Шигеру Ишиба, кој е фаворит кај јавноста да го замени сегашниот премиер Шиндзо Абе, по изборите идната година.

Олимписките игри требаше да се одржат од 24 јули до 9 август 2020 година, но поради пандемијата на коронавирус беа одложени до летото 2021 година.

- Во новата реалност во светов сè уште не е јасно дали можеме да ја одржиме Олимпијадата. Зависи дали вирусот ќе биде под контрола и тоа не само во Јапонија. Ако никој не дојде од Европа и од Америка, тоа не е Олимпијада. Тоа се Азиски спортски игри – вели политичарот.

На прво место е проблемот со олимписокто село. Идното лето тоа ќе биде приватна сопственост, затоа што апартманите веќе се распродадени. Само ако еден сопственик не е согласен да го даде апартманот за идната година, тоа е веќе проблем. Покрај тоа зборуваме за 41 спортски објект, кои исто така имаат договори, конгресни центри, многу хотели, 2.000 автобуси и огромен број фирми за достава и услуги. Една да има проблем, сметката не излегува – вели Тоширо Мори, извршен директор на Организациониот комитет.



**Во новата реалност во светов сè уште не е јасно дали можеме да ја одржиме Олимпијадата. Зависи дали вирусот ќе биде под контрола и тоа не само во Јапонија, Ако никој не дојде од Европа и од Америка, тоа не е Олимпијада. Тоа се Азиски спортски игри**

Шигеру Ишиба, јапонски политичар

Во 2013 година, кога главниот град на Јапонија беше избран за Олимпијадата во 2020 година, беше проценето дека Игрите ќе чинат околу 6,6 милијарди долари, но до крајот на 2019 година, вкупните трошоци речиси двојно се зголемија и достигнаа 12,3 милијарди долари.

Организациониот комитет инвестираше 5,51 милијарди долари во Олимпијадата. Властите во Токио се најдоа на второто место во однос на трошоците, трошејќи само 5 милиони долари помалку од Организациониот комитет. Централната влада на Јапонија одвои 1,37 милијарди долари.

Трансферот на Игрите погоди и 11.000 спортисти и 4.400 параолимписки спортисти. Многумина од нив тренираа неколку недели во земји што сега имаат затворени граници. Нивните трошоци за подготовка на Олимпијадата во висина од 3,56 милијарди американски долари, исто така, се припишуваат на загуби. Загуби има и од договори за спонзорство и рекламирање. Тие се во висина од 4,4 милијарди долари.

Проектираните трошоци за одржување, санирање, управување со стадионите и Олимпиското село ќе бидат околу 210 милиони американски долари, а трошоците за односи со јавноста и комуникација ќе бидат 91 милион долари.

**Италија.**

## Јуве планира да го ангажира Хари Кејн

Јувентус има план да го ангажира еден од најдобрите европски и светски напаѓачи, членот на Тотенхем, Хари Кејн. Пред неколку денови 26-годишниот играч рече дека постои опција да го напушти премиерлигашот и тоа ќе го направи доколку нема подобрување кај тимот. Според „Трансфермаркт“, во моментов вредноста на Кејн е 150 милиони евра и има договор со Тотенхем до 30 јуни 2024 година.

Англичаните не сакаат така лесно да се ослободат од својот играч, а според информациите, за неговите услуги бараат 105 милиони евра. Од 2009 година во дресот на Тотенхем, играчот досега има учинок од 136 гола во 198 одиграни натпревари.

**Кошарка.**

## МЗТ Скопје против коронавирусот

Коронавирусот е противник што мора да се наттрча, натскока, тактички да се надмудри и на крајот убедливо да се победи. Ова е заедничка борба на сите нас, во која активно се вклучуваат и спортистите, во овој случај и кошаркарите, тренерите, управата и сите други што се дел од актуелниот шампион на Македонија. Популарните „металци“ активно се приклучува на иницијативата #СпортистиПротивКоронавирусот, која веќе отвори наменска сметка за донации. Жиро-сметка : 240577112287787 – Уни банка.

– Ја поддржувам кампањата „Спортистите против коронавирусот“. Јас донирав, донирајте и вие – вели кошаркарот на МЗТ, Дамјан Стојановски. Собраните средства ќе бидат донирани за обезбедување заштитни маски и опрема за здравствените работници, кои се во првиот одбранбен ред, како и за обезбедување средства за дезинфекција и хигиена за социјално најзагрозените лица.

**Формула 1 .**

## Леклер триумфира на виртуелна гран-при трка

Возачот на Ферари, Шарл Леклер, го освои второто виртуелно гран-при во историјата на Формула 1. Возачот од Монако почна од пол-позицијата, ја зголеми предноста поради грешките на конкурентите и беше во водство од почеток до крај. Второто место го освои возачот на младинскиот погон во Рено, Кристијан Лундгор. Трет беше возачот на Вилијамс, Џорџ Расел.

Трката го замени Гран при на Виетнам, што требаше да се одржи овој викенд, но се одвиваше на виртуелната патека во Мелбурн, бидејќи трката Ханој не е претставена во играта Ф1 2019.



# Скандинавски крстозбор

**30 минути**



ЧОВЕК КОЈ СЕ ПОТПИШУВА
ПСИХИЧКА НАПНАТОСТ / НАШЕ ЕЗЕРО
С
АЕРОДРОМСКА ПАТЕКА ЗА АВИОНИ
Л
ДЕЛ ОД ДРВО (МН.) / ТЕЛО, СНАГА НА ЧОВЕКОТ
ФРАНЦУСКИ ПЕЈАЧ И АРТИСТ / ПЕЈАЧКАТА СПИРОВА
Т
БОЈА НА ТКАЕНИНА ЗА ВОЈНИЧКА ОБЛЕКА
П
ЖЕНСКО ИМЕ / КРАЈ, ЗАВРШЕТОК
П
СИМНУВАЊЕ ТОВАР (МН.) / ПЕКОЛ
А
АРТИСТКАТА ГАРДНЕР / НАШЕ ЕЗЕРО
КИСЛОРОД / ПРИКАЖУВАЊЕ
ИЗРАЗИТ ПРЕТСТАВНИК НА НЕКОЈ ВИД
СИМОН ДРАКУЛ
ИТАЛИЈА / ПОМОДАР
ИЗВИК ЗА ТИШИНА / КИСЕЛИНА (ЛАТ.)
ВИД ПОЈНА ПТИЦА / ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈА
ОПЕРСКИ МЕЛОДИИ / РЕКА ВО АВСТРИЈА
ДОКТОР ХИРУРГ
С
ДЕЛ ОД МОТОР (МН.) / ЕДНА ОД С.А.Д.
СТРУНИ НА МУЗИЧКИ ИНСТРУМ. / НЕДОСТАТОЦИ
Ж
Д
ДЕНОВИ / АМПЕР
НАШЕ ЕЗЕРО
М
В
ОД ОКО, НА СЛЕПО / АНГСТРЕМ
АВСТРИЈА / РАШИРЕНИ, ПРОСТРАНИ
В
ВИД ИНСЕКТ (МН.) / ТРОСКОТ, ПЛЕВЕЛ, ПИРЕЈ
ШАРЛ ВЕРМИЕ / БЕБЕШКИ ПОВОЈ
СКИЈАЧКАТА ШАРЕЦ / КОСКЕН ОРГАН ВО УСТАТА
АФИРМАЦИЈА / ВИД ДРОГА
ВИД ОРГАНСКИ СОЕДИНЕНИЈА / АКТЕР ЖИВОИНОВИЌ
СВЕЧЕНА ГОЗБА / МАСЛИНЕСТО ПО БОЈА
АРТИСТКАТА ХАТАВЕЈ / УКРАС НА ПРСТ
ВОДОРОД / МЕТАЛЕН САД ЗА ГОТВЕЊЕ ЈАДЕЊЕ
ДЕЛ ОД РЕЧЕНИЦА (МН.) / НЕУТРОН
НУЛА (СТР.) / ДАДЕН ЗБОР КАЈ АЛБАНЦИТЕ
П
ВИД ПАПАГАЛ / СКИСЕЛЕНИ
РУСКИ КОШАРКАР (СЕРГЕЈ) / ТУРЦИЈА
П
РЕДЕН БРОЈ / "ЛОНГ ПЛЕЈ"
ТЕЛЕГРАФСКА ВЕСТ / ЦРКОВНО ПРОКЛЕТСТВО (МН.)
ХАЗАРДНА ИГРА СО КАРТИ
ГОЛЕМО КОЛКУ ОНА / НАСЛОВ, ФИРМА
ВИД ОТРОВ / КОЊ
ЕКС ФУДБ. НА "ВАРДАР" МЕНСУР / ПЛИВАЛИШТЕ
ЖИТЕЛ НА НЕКОЕ МЕСТО
ПРЕДВРЕМЕН / МОЧУРИШНО РАСТЕНИЕ
СЛИКАРКАТА ТЕМКОВА / ПРОМЕТ, ТРГОВИЈА
ОКСИГЕНИУМ / ТОМЕ АРСОВСКИ
Б
ДЕЛ ОД ТЕНИСКИ МЕЧ / КРАДЕЦ
НЕНАОСТРЕН / МАРКА ЕЛЕКТРИЧНИ АПАРАТИ
ОКУЛАР / ГОЛЕМ ВОДЕН ТЕК (МН.)
ТЕТОВО / БУКВА ОД ПИСМО НА МАКЕД. ЈУЖЕН СОСЕД
А
ВЛЕЗНА ПАРТИЈА / БАЊА ВО БЕЛГИЈА
ПУСТИНА ВО ИНДИЈА / ОБЕМ
БРАЗДА, КАНАЛ ЗА ВОДА / БРАТОТ НА РОМУЛ
ДОБРА ВОЛЈА, НАКЛОНЕТОСТ / НАШЕ ЕЗЕРО
ЕЛЕКТРОН / АНИТА ВАХТЕР
"ИЗВРШЕН ОДБОР" / ПРВАК, ШАМПИОН
СПОРТСКА ОБУВКА / ЈУГ
ИЗРАБОТУВАЧ НА МАКЕТИ, МОДЕЛАР / СИМЕНС
А
МАРКА ЈАПОНСКИ ФОТОАПАРАТИ
ЕКС ПОЛИТИЧАРКАТА БАНДАРАНАИКЕ

РЕШЕНИЕ: ПОТПИСНИК, ХРИСТИНА, ПРЕСТАНОК, ИСТОВАРИ, АД, АВА, О, СД, И, ПСТ, КОС, АРИИ, ВОЈНИЦИ, ПОТАМНА, А, ВЕРОНИКА, ПАЈАЦИ, ШВ, ЗАБ, ДА, КЕТОНИ, ПИР, ЕН, Х, ЗБОРОВИ, ЗЕРО, ПРСТЕН, АРАРА, БЕЛОВ, ПОКЕР, СТОТИ, ТЕЛЕКС, ОНОЛКАВО, АРСЕНИК, НЕЦИЛИ, РАН, АНА, О, БАЗЕН, СЕТ, ТАП, О, ТЕ, АТЕР, АНТРЕ, ТАР, ЈАЗ, ПРЕСПАНСКО ЕЗЕРО, Е, ИО, ПАТИКА, МАКЕТАР, АС, ЈАШИКА, СИРИМАВО

# СЛОБОДЕН ПЕЧАТ.

## ПРИЕМНИ ПУНКТОВИ ЗА ОБЈАВА НА НЕКРОЛОЗИ ВО СЛОБОДЕН ПЕЧАТ НИЗ МАКЕДОНИЈА

| ГРАД | ПРОДАЖНО МЕСТО | АДРЕСА |
| --- | --- | --- |
| Тетово | Дани - НТ 1 трафика | ул. Тодор Циповски Мерџан бр.86 |
| Гостивар | Јотон Среќа | ул. Гоце Делчев бр.104 |
| Кичево | Ели комерц | бул. Ослободување б.б. |
| Струга | Тобако Марси 12 | ул. Маршал Тито бр.35 |
| Охрид | Тобако Базар | ул. Македонски просветители б.б. |
| Битола | Крисми тобако | ул. Маршал Тито бр. 42а |
| Прилеп | Забранeто пушење | ул. Илинденска бр.73 |
| Кавадарци | Сигма - Т | ул. 7-ми Септември бр.32 |
| Велес | Боро транс | ул. Којник бр.7 |
| Куманово | ЗМЛ МЕН | ул. Македонска револуција б.б. |
| Штип | Тобако Зимбак | ул. Вера Циривири Трена бр.1 |
| Струмица | Тобако Кречеви | ул. М.Х. Јасмин бр.5 |
| Гевгелија | Лени плус тобако | ул. Слободан М.Данко бр.89 |
| Неготино | Киоск Корзо | ул. Даме Груев б.б. |

"Печатница и картонажа КОСТА АБРАШ АД Охрид објавува

## ЈАВЕН ПОВИК

За 28 Седница на Собрание на акционери на Печатница и картонажа КОСТА АБРАШ АД Охрид

**ДНЕВЕН РЕД**

**ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ**

1. Отворање на 28 Седница на Собранието на акционери
2. Избор на Претседавач на седницата

**РАБОТЕН ДЕЛ**

1. Утврдување на дневниот ред за 28 Седница на Собрание на акционери
2. Усвојување на Записникот од 27-та Седница на Собрание на акционери на КОСТА АБРАШ АД Охрид одржана на ден 22.05.2019 год.
3. Разгледување и усвојување на извештајот од Одборот на директори за работењето на Друштвото за 2019 год.
4. Усвојување на годишната сметка на КОСТА АБРАШ Охрид за 2019 год. и донесување Одлука за распределба на добивката по годишната сметка за 2019 год.
5. Усвојување на годишната сметка на КОПАК 02 ДООЕЛ Охрид за 2019 год. и донесување Одлука за распределба на добивката по годишната сметка за 2019 год.
6. Донесување одлуки за одобрување на работењето на членовите на Одборот на директори во 2019 год.
7. Донесување одлука за утврдување на надоместоците за вршење функцијата на членовте на Одборот на директори.

Седницата на Собранието ќе се одржи на ден 08.05.2020 год. во просториите на друштвото, на ул. „Кленоец" бр. 84 во Охрид, со почеток во 10 часот.

Секој акционер кој има намера да учествува на Собранието е должен да го пријави своето учество на собранието најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното собрание.

Акционерите можат да извршат увид во материјалите што се на дневен ред на Собранието, секој работен ден од 08 до 14 часот"

## ИЗВЕСТУВАЊЕ

Дозволата за движење на вработен поради вршење на сменска и ноќна работа бр.0306-500/1 од 24.03.2020 година издадена од страна на друштвото РЖ УСЛУГИ АД Скопје, на име Горан Карајановски е изгубена и истата се огласува за неважечка.






Нотарот Гордана Дескоска со службено седиште во Охрид на ул.Македонски Просветители бр.8, согласно чл.80 став (2) од Законот за Нотаријат (Сл. Весник на РМ бр.72/16) ја издава следната

### ОБЈАВА ЗА ЈАВНА ДОСТАВА НА ПИСМЕНО

1.На учесникот Александар Памбукоски од Охрид со место на живеење во Охрид на ул.Питу Гули бр.230, се врши јавна достава на Решение за издавање на нотарски платен налог НПН 188/18 од 12.09.2018 година.

2.Се повикува учесникот во рок од 8 (осум) дена сметано од последното објавување во Дневен весник Слободен Печат, да се јави во службеното седиште на Нотарот со цел да го подигне Решението означено во точка 1 од јавната објава.

3.Се предупредува учесникот дека ваквиот начин на достава се смета за уредна достава и дека штетните последици кои можат да настанат поради правосилност и извршност на решението ги сноси самиот учесник.

4.Во случај на непостапување на учесникот по точка 2 од јавната објава се смета дека истиот е уредно известен за следните писмена: Решение за издавање на нотарски платен налог НПН 188/2018 од 12.09.2018 година.

**Нотар Гордана Дескоска**

Нотарот Иво Серафимоски со службено седиште во ул.Дервиш Цара, бр.2/1, Тетово, согласно со член 80 став (2) или (3) од Законот за нотаријатот („ Сл. Весник на РМ ˜ бр.72/16 и), и ја издава следната

### ОБЈАВА ЗА ЈАВНА ДОСТАВА НА ПИСМЕНО

1.На учесникот **Фатон Амети ул.101 бр.бб, с.Бродец**, се врши јавна достава на решението за издавање на нотарски платен **НПН887/18 од 11.09.2018 година.**

2. Се повикува учесникот **Фатон Амети ул.101 бр.бб, с.Бродец**, во рок од 8 дена сметано од последното објавување во дневнит весник да се јави во службеното седиште на Нотарот со цел да го подигне решението означено во точка (1) од јавна објава.

3. Се предупредува учесникот дека ваквиот начин на доставата се смета за уредна достава и дека штетните последици кои можат да настанат поради правосилност и извршност на решението ги сноси самиот учесник.

4. Во случај на непостапување на учесникот по точка по точка (2) од Јавната објава, се смета дека истиот е уредно известен за писменото –решението за издавање на нотарскиот платен налог **НПН887/18 од 11.09.2018 година.**

**Нотар Иво Серафимоски**

### ОГЛАС

Се продава недвижен имот земјоделско земјиште кое се наоѓа во Скопје КО Горно Лисиче-Вонград, имотен лист бр.1611 на КП 3653, место викано Бозеите, со вкупна површина од 2001м2, во сопственост на Ратка Ѓорѓиевска по цена од 1.750 евра. Се повикуваат соседите кои имаат првенствено право на купување на недвижноста што се продава да во рок од 8 дена од денот на објавувањето на овој оглас писмено да се изјаснат за понудата или во спротивно го губат правото на купување. Изјавите во писмен форма да се достават до Нотар Сашо Клисароски од Скопје бул. Маркс и Енгелс бр. 1/5-4.

**Нотар Сашо Клисароски**

### Податоци за сопственичката структура на Антиќ Медиа ДООЕЛ Скопје

Врз основа на член 15 став 2 од законот за медиуми ( Службен весник на РМ бр.184/13 и 13/14 ) Друштво за услуги АНТИЌ МЕДИА ДООЕЛ Скопје- издавач на магазинот Портрет, ги објаснува следните податоци: Сопственик на друштво за услуги АНТИЌ МЕДИА ДООЕЛ од Скопје, е Ружица Антиќ од Скопје, со удел во сопственоста од 100% стекнат на 24.08.2015 година.

## НЕКРОЛОЗИ | Тел: (02) 55 11 763

**Жална вест**



**МАРИКА АНГЕЛОВА**
(1931 – 2020)

Посмртните останки ќе бидат изложени на 7.4.2020 година во Капелата на Градските гробишта Бутел од 8.30 до 9, погребот ќе се изврши во 9часот.

Од синот Лазе, снаата Горде со семејството

**Последен поздрав**



**МАРИКА АНГЕЛОВА**

Почивај во мир.

Ќерката Филимена, зетот Томе со семејството

**Последен поздрав**



**МАРИКА АНГЕЛОВА**

Почивај во мир.

Ќерката Тања, зетот Пере со семејството

Ова е место за вашите
**мали огласи**
купи,
продај,
барај,
најди...



По цена од само
**240 денари**
неделно

Информации на телефон
**389 02 55 11 763**

• **БАРАМ** поефтина куќа / викендица со миниумум 1000м² двор / земја во Скопско со имотен лист, струја, вода и канализација.
✆ **077/427-150**

• **СЕ ПРОДАВА** нива с.Стајковци 1000 м², 500 м од центарот на селото од десна страна 2 ред. Цена 20 евра квадрат.
✆ **070/206-997**

• **КУПУВАМ** стан до 45 м², до втори-трети кат по можност да има лифт, во реон Ѓорче Петров, Влае, Хром.
✆ **070/230-326**

• **СЕ ИЗДАВА** деловен простор од 25м² во близина на Железничка станица, Гевгелија. Погоден за канцеларија или студио.
✆ **078/625-509**

• **СЕ ПРОДАВА** стан од 45м² во строг центар на Гевгелија, со поглед на плоштад. ✆ **078/625-509**

• **ПРОДАВАМ** куќа во населба Карпош 1 (позади БУГАТИ спроти хотел „Монако“) ул.Беџих Сметана бр.8 плац 330 м², станбена површина 330м², 165 м² по спрат. Цена 297.000 евра.
✆ **070/206-997**

• **СЕ ПРОДАВААТ** два прага (лев и десен) за Пунто 2. Чичка нови! Цена: 50евра.
✆ **070 328 932**

• **СЕ ПРОДАВА** телевизор Sony KDL40 NX700 BRAVIA LED висока класа на SONY, купен од „Телеком“ 98.000.00 ден. со 5 год. гаранција. Гаранцијата е завршена! Екранот е заштитен со стакло. Цена 23.000 денари.
✆ **070/206-997**


РУСКА КОСМИЧКА VIP МЕДИЦИНА ЗА ПРОСВЕТЛЕНИ УМОВИ

ПРВА НА БАЛКАНОТ, АЛТЕРНАТИВНА, ИНТЕРНАЦИОНАЛНА, УНИВЕРЗАЛНА, ИНТЕРНЕТ "КЛИНИКА" ЗА БЕЗКОНТАКТНИ КОНСУЛТАЦИИ, ДИЈАГНОСТИКА И ЛЕЧЕЊЕ! ВО СОРАБОТКА СО РУСКИ КОЛЕГИ ВИ ПРУЖАМЕ:

ДОКТОР ЦВЕТИН® ИНТЕРНАЦИОНАЛ
СРБИЈА, МАКЕДОНИЈА, ЦРНА ГОРА, БИХ, БУГАРИЈА

ДИЈАГНОСТИКА ПРЕКУ МОБИЛЕН

НАШИОТ РУСКИ КОЛЕГА (СПЕЦИЈАЛИСТА ПО РАДИО ФРЕКФРЕНТНА ДИЈАГНОСТИКА) САМО ПРЕКУ ФОТО ИЛИ ВИДЕО СНИМКА НА КЛИЕНТОТ, ПРИМЕНА ПРЕКУ МОБИЛЕН, МОЖЕ ДА ЈА ПРОВЕРИ ТОЧНОСТА НА БИЛО КОЈА НЕГОВА ДИЈАГНОЗА, ПОСТАВЕНА БИЛО КОГА, ОД БИЛО КОЈ ДОКТОР, ЗА БИЛО КОЈА БОЛЕСТ. ИЛИ ДА ПОСТАВИ СВОЈА ДИЈАГНОЗА. ЌЕ ДОБИЕТЕ И ИНФОРМАЦИЈА ОД ШТО ТОЧНО СТЕ БОЛНИ, ДАЛИ ИМАТЕ РАК, ЛЕУКЕМИЈА ИЛИ БИЛО КОЈА ДРУГА ТЕШКА ХРОНИЧНА, АВТОИМУНА ИЛИ ГЕНЕТСКА БОЛЕСТ. ПОТОА ВИ СЕ КАЖУВА КОЈ Е ЛЕКОТ (БИЛКА, СУПЛЕМЕНТ, МИНЕРАЛ ИЛИ КОМБИНАЦИЈА НА РУСКИ БОМБОНИ).

ЛЕЧЕЊЕ НА ДЕЦА ЗАОСТАНАТИ ВО РАЗВОЈОТ

СО ПОМОШ НА РУСКИТЕ КОЛЕГИ СТАНАВМЕ ВРВНИ ЕКСПЕРТИ ВО ЛЕКУВАЊЕ НА ДЕЦА: ПРЕДВРЕМЕНО РОДЕНИ, ОШТЕТЕНИ ОД ВАКЦИНАЦИИ, ХИПОКСИЈА, ДЦП ИЛИ ОД РАЗНИ ГЕНЕТСКИ БОЛЕСТИ,КОИ ИМААТ ПРОБЛЕМИ СО ИНВАЛИДНОСТА, МОТОРИКАТА, ВИДОТ, СЛУХОТ, ГОВОРОТ, ОДЕЊЕТО,ЕПИЛЕПСИИ, ГРЧЕВИ. ПОСЛЕ НЕКОЛКУ МЕСЕЦИ ДОМАШНО ЛЕКУВАЊЕ, ПО НАШАТА РУСКАТА МЕТОДА ДЕЦАТА ПРОГЛЕДУВААТ, ПРОЗБОРУВААТ, ПРООДУВААТ,НЕМААТ ЕПИЛЕПСИИ,ГРЧЕВИ. УСПЕШНО НАПРЕДУВААТ

РАК ЛЕУКЕМИЈА
БИЛО КОЈ, БИЛО КАДЕ, КАЈ ДЕЦА И ВОЗРАСНИ, МОЖНО Е ИЗЛЕКУВАЊЕ СО ПРИРОДНИ ЛЕКОВИ.

ДОБИВТЕ ДИЈАГНОЗА РАК, ДОКТОРИТЕ ОД ЈАВНОТО ЗДРАВСТВО ВЕ УБЕДУВААТ ДЕКА РАК (БИЛО КАДЕ ВО ЕВРОПА) СЕ ЛЕЧИ САМО СО ОПЕРАЦИЈА, ХЕМОТЕРАПИЈА И ЗРАЧЕЊЕ, А ВИЕ ЗНАЕТЕ ДЕКА НА ОВОЈ НАЧИН МНОГУ МАЛКУ ЗАБОЛЕНИ СЕ ИЗЛЕЧИЛЕ. БАРАТЕ СОВЕТИ ОД ИНТЕРНЕТ, ОД СЕЗНАЈКОВЦИ,БИЛКАРИ,АПОТЕКАРИ. КУПУВАТЕ И ЗЕМАТЕ ОД СЕ И СЕШТО, НО РЕЗУЛТАТИ НЕМА.ВИЕ СТЕ ВО ОЧАЈНА ТЕМНИНА. НИЕ ВИ НУДИМЕ СВЕТЛИНА ВО ТУНЕЛОТ! АКО СЕ ОБРАТИТЕ КАЈ НАС ВИ НУДИМЕ ПРОФЕСИОНАЛНА, ЕФИКАСНА И ДОКАЖАНА РУСКА ОБУКА ЗА ДОМАШНО САМОИЗЛЕКУВАЊЕ. ПРОЦЕДУРАТА Е СЛЕДНАТА: ПРВО ЈА ПРОВЕРУВАМЕ ТОЧНОСТА НА ВАШАТА ДИЈАГНОЗА ПРЕКУ VIBER КАЈ КОЛЕГИТЕ ВО РУСИЈА. БИДЕЈЌИ НА ИНТЕРНЕТ ИМА ДОКАЗИ НА СВЕТСКО НИВО, А И НИЕ СМЕ СЕ УВЕРИЛЕ ВО ТОА, ПРЕКУ ТЕСТИРАЊЕ НА КЛИЕНТИ СО ДИЈАГНОЗА РАК ОД ПОВЕЌЕ ЗЕМЈИ НА БАЛКАНОТ, ДЕКА МНОГУ ОД НИВ НЕ СЕ ТОЧНИ, А НАЈЧЕСТО НА ДОЈКА И ПРОСТАТА. АМЕРИКАНЦИТЕ САМИТЕ ПРИЗНАВААТ ДЕКА ГОДИШНО ИМААТ ПРЕКО 300 000 НЕПОТРЕБНИ ОПЕРАЦИИ НА ДОЈКА И ПРОСТАТА ПОРАДИ НЕТОЧНИ ДИЈАГНОЗИ. АКО НАВИСТИНА ИМАТЕ РАК, РУСИТЕ ЌЕ ДАДАТ ПРЕЦИЗНИ ИНСТРУКЦИИ, КАКО МОЖЕТЕ ДА СЕ САМОИЗЛЕКУВАТЕ СО ДАРОВИ ОД ПРИРОДАТА. АКО СТЕ СРЕЌНИК И ОНИ КАЖАТ ДЕКА НЕМАТЕ РАК, ТУКУ НЕКОЈ ДРУГ ПРОБЛЕМ, ЌЕ ДОБИЕТЕ И ЗА НЕГО ИНСТРУКЦИИ, КАКО МОЖЕ И ОД ТОА САМИ ДА СЕ ИЗЛЕЧИТЕ.

СОВЕТУВАЛИШТЕ ЗА АЛТЕРНАТИВНИ МЕДИЦИНИ: КОСМИЧКА, КИНЕСКА, ХОМЕОПАТСКА, КВАНТНА, НУТРИЦИОНИСТИЧКА,ФИТО & НУТРИ ОНКОЛОГИЈА
ПРИЗНАНИЕ ЗА ЕФИКАСНО ЛЕЧЕЊЕ НА РАК И ДРУГИ ТЕШКИ ХРОНИЧНИ БОЛЕСТИ
АКАДЕМИЈА НА ЕВРОПСКАТА АКАДЕМИЈА НА НАУКИ



73 год. СНИМЕНО 01.09.2019

МОЖЕТЕ И ВИЕ ДА ИЗГЛЕДАТЕ КАКО МЕНЕ НА 73 години. ЈАВЕТЕ МИ СЕ !!!

FACEBOOK: DOKTOR CVETIN
dr. ALEKSANDAR CVETINOVSKI
№ 1 ВО СРПСКАТА АЛТЕРНАТИВА
НЕ КОНТАКТИРАМ ПРЕКУ MESSENGER
ЛИЧНО ПОСЕТУВАМ ПАЦИЕНТИ ВО 5 СОСЕДНИ ДРЖАВИ
ОДГОВАРАМ САМО НА ПОЗИВИ ОД МОБ. ТЕЛЕФОН ПРЕКУ VIBER, WHATSAPP
+389(0)70 52 00 54 VIBER / WHATSAPP
+381(0)61 1557477 VIBER / WHATSAPP
email doktor.cvetin@yahoo.com

НИШТО СЛИЧНО НА СВЕТОТ НЕ ПОСТОИ
РУСКИТЕ БИЛНИ БОМБОНИ ЕЛИМИНИРААТ ПРЕКУ 250 ВРСТИ (СТАРИ И НОВИ) НАЈОПАСНИ ВИРУСИ БАКТЕРИИ, ПАРАЗИТИ И ГАБИ
КОМБИНАЦИИ ОД 14 ВРСТИ ЕФИКАСНО ПОМАГААТ ВО ЛЕКУВАЊЕ НА БОЛЕСТ: РАК, ЛЕУКЕМИЈА, АКУТНИ ВИРУСНИ И БАКТЕРИСКИ, БИЛО КОИ ХРОНИЧНИ, АВТОИМУТНИ, ИНФЕКТИВНИ, ГЕНЕТСКИ И "НЕИЗЛЕЧИВИ" БОЛ.
БОМБОНИТЕ НЕ СЕ ЛЕКАРСТВА, НЕ СЕ ДОДАТОЦИ ВО ИСХРАНА, ТУКУ НОВ ВИД ЌЕЛИСКА ХРАНА СО СЕРТИФИКАТИ: KOSHER, HALAL, TUV, ISO 22000, HACCAP.

ЛЕЧЕЊЕ НА ВОЗРАСНИ

ПОЧИТУВАНИ ИЗНЕМОШТЕНИ КОЛЕГИ, ДОКТОРИ НА МЕДИЦИНА, АКАДЕМИЦИ, МЕНАЏЕРИ, БИЗНИСМЕНИ, КРЕАТИВНИ УМЕТНИЦИ, ПОЛИТИЧАРИ, ИНФОРМИРАЈТЕ СЕ ЗА РУСКИТЕ МУЛТИ ФУНКЦИОНАЛНИ БИЛНИ БОМБОНИ КОИ ИСТОВРЕМЕНО ВЕ ЛЕЧАТ, ГО РЕГЕНЕРИРААТ ЦЕЛОТО ТЕЛО, А ОСОБЕНО СРЦЕТО И КРВНИТЕ САДОВИ, 'РСКАВИЦАТА ВО СИТЕ ЗГЛОБОВИТЕ. ЕЛИМИНИРААТ БОЛКИ, ПОДМЛАДУВААТ И РАЗУБАВУВААТ СЕКОГО,( ВИДНО ОД МОЈАТА ФОТОГРАФИЈА) МУ ЈА ВРАЌААТ СНАГАТА, ПОТЕНТНОСТА, БРИШАТ СТРЕСОВИ,ЈА ЧИСТАТ ЛИМФАТА,КРВТА И КРВНИТЕ САДОВИ ОД ТОКСИНИ, МАСНОТИИ,ТРОМБИ, ХЕМОРОИДИ И ГАНГРЕНИ.ГО БИСТРАТ МОЗОКОТ, ПАМТЕЊЕТО (ДЕМЕНЦИИ, АЛЦХАЈМЕР, ТРЕМОР, МОЗОЧНИ УДАРИ, АТЕРОСКЛЕРОЗА),ПАРКИНСОН, ЕПИЛЕПСИИ.

КОЈ САКА ЌЕ МУ ИСПРАТИМЕ ПЕЧАТЕНИ И ВИДЕО ИНФОРМАЦИИ ЗА ЕФИКАСНОСТА ВО ЛЕКУВАЊЕ И ПОДМЛАДУВАЊЕ СО РУСКИТЕ БИЛНИ БОМБОНИ

НАШАТА ЕКИПА Е СОСТАВЕНА ОД ВРВНИ ДОКТОРИ НАТУРОПАТИ:МАКЕДОНЦИ,СРБИ, РУСИ, БУГАРИ, СПОСОБНИ ДА СЕ СПРАВАТ СО БИЛО КОЈА "НЕИЗЛЕЧИВА" БОЛЕСТ. ПРАШАЈТЕ КАЈ НАС ЗА НЕА!



секогаш на страната на народот

WWW.SLOBODENPECAT.MK

СП. СЛОБОДЕН ПЕЧАТ.
Мозаик
Вторник 7 април 2020 |
Број 1929 | Година VII |

**Берни повторно и дедо и татко.**

## Ќерката на Еклстон го роди четвртото дете

• Петра Еклстон (31), ќерка на милијардерот Берни Еклстон (89), роди девојче. Среќната вест ја откри нејзиниот свршеник Сам Палмер во неделата вечерта, а Петра се породила пред неколку недели, но двојката го криела тоа.

„Добив многу пораки во кои ме прашувавте кога ќе се роди детето. Добивме прекрасно девојче пред неколку недели. Ви благодарам за убавите желби. Мајката и ќерка ми се добро“, напишал Сам на социјалните мрежи.

Петра и Сам сè уште се немаат одлучено за името на новородената ќерка.

Ова е нивното прво заедничко дете, а Петра од бракот со Џејмс Стант веќе ги има синовите Џејмс и Ендру и ќерката Лавинија.

Пред неколку денови светските медиуми објавија дека нејзиниот татко Берни Еклсотн го чека четвртото дете со сопругата Фабијана Флози (44). Берни ќе го добие првиот син во семејството, а терминот е во јули, неколку недели пред неговиот 90-ти роденден.





**Интервју со оперскиот пејач Благој Нацоски во Италија.**

# Срамота е лекар помалку да заработува од фудбалер

**Се надевам дека сега ќе се свестат дека за здравството ниедна влада во светот не треба да штеди, дека треба силно да се поддржува науката, односно медицинските истражувања, смета Нацоски.**



**Јасмина Кантарџиева Димков**

В о последниве триесетина години и повеќе, политичките претставници во сите земји на светот се тотално неспособни, односно нивните приоритети се погрешни. Се надевам дека сега ќе се свестат дека за здравството ниедна влада во светот не треба да штеди, дека треба силно да се поддржува науката, односно медицинските истражувања, смета Нацоски.

Разговараме со нашиот најпознат оперски пејач во светот, Благој Нацоски, кој живее и работи во Италија.

**• Гледаме дека е многу сериозна ситуацијата со коронавирусот во Италија, како ти се снаоѓаш во целата ситуација?**

- Едноставно се чувам што е можно повеќе, почитувајќи ги сите мерки и препораки. Како и да е, ситуацијата во Италија, бавно, но оди кон подобрување, преземените мерки почнаа да даваат резултати. Со оглед на тоа што Италија беше првата земја која е на силен удар од оваа епидемија, значи и прва воведе строги мерка, прва и ќе излезе во Европа. Иако за целосна нормализација на животот, мое мислење е дека без сериозна фармаколошка терапија и/или вакцина, целосна нормализација на животот нема да има никаде на планетата. На пример, театрите, кината, концертните сали ќе бидат последни што ќе отворат.

**• Сите настапи и културни настани се стопирани, како лично ја одржуваш својата кондиција на гласот?**

- Нема друг начин освен да вежбам и да пеам секој ден. Во овој период дури го чувствувам гласот и „посвеж“, постојано одморен.

**• А, како ја одржуваш менталната кондиција?**

- Не знам ни самиот. На моменти се прашувам и самиот како успевам да бидам постојано оптимист, ведар и позитивен. Дури се трудам постојано тоа да им го пренесам и на другите, на моите најблиски, на пријателите, како и на фановите преку социјалните мрежи. Можеби токму увидувајќи дека таа моја ангажираност дава резултати, ме прави среќен и ми дава уште повеќе ентузијазам.

**• Дали италијанската влада има предвидено некакви мерки за поддршка на уметниците што останаа без ангажмани поради состојбава и, веројатно, така ќе биде и во наредниве неколку месеци?**

- Италијанската влада во првиот месец од кризата даде една мала финансиска помош до сите нас, уметниците, но навистина таа цифра е мизерна. За април најверојатно ќе биде зголемена, но сепак незадоволителна ако земеме предвид дека Германија им даде 5.000 евра на нашите колеги таму. Асоцијацијата на оперски пејачи, режисери, диригенти „АСОЛИРИКА“, во која јас членувам од нејзиното основање, работи секојдневно на случајот барем сите оние настапи што ни се откажани, сепак да ни бидат платени, како што е впрочем и во другите европски земји. Тоа не би требало да претставува проблем од две причини. Прво, средствата за сите овие настани се одобрени уште во 2019 година така што тие средства нема да бидат нови, и второ, што особено ме радува меѓу другото, за сите претстави во овој период, во сите италијански градови публиката не си ги бара назад парите од билетите или претплатите. Во овој контекст ќе ви дадам и друг пример: пред неколку години во Њујорк две претстави ми беа откажани поради тоа што беше прогласена дводневна вонредна состојба во градот поради невреме од снег, буквално градот беше блокиран и не можевме да излеземе од дома. Њујоршката Опера, сепак, ми ги плати и двете откажани претстави.

**Ако ова може да го сметаме за Трета светска војна, дефинитивно Кина е победник со ниту еден испукан куршум. Од друга страна, дефинитивно САД не се повеќе лидер на светот.**



**• Како тебе лично ти се смени погледот на светот од времето пред коронавирусот и денес?**

- Многу мисли ми се вртат во главата и веројатно и понатаму ќе ми се вртат околу ова прашање. За вирусот како вирус никој не е виновен, освен можеби, за нас, чудните навики да се јадат лилјаци или слично, но не се осудувам да судам ниеден народ за такво нешто. Нормално, во ова глобализирано време невозможно е да се спречи таков вирус да се рашири брзо насекаде. Единствено сметам дека во последниве триесетина години и повеќе, политичките претставници во сите земји на светот се тотално неспособни, односно нивните приоритети се погрешни. Се надевам дека сега ќе се свестат дека за здравството ниедна влада во светот не треба да штеди, дека треба силно да се поддржува науката, односно медицинските истражувања итн. Превенцијата спасува многу повеќе животи отколку да се дејствува во последен момент. Срамота е лекар помалку да заработува од фудбалер. Инаку, ако ова може да го сметаме за Трета светска војна, дефинитивно Кина е победник со ниту еден испукан куршум. Од друга страна, дефинитивно САД не се повеќе лидер на светот.

**• Што прво ќе направиш откако ќе заврши целата оваа страшна ситуација?**

- Ќе одам да си го видам моето семејство во Македонија.

**Обраќање.**

## Кралицата Елизабета повика на единство

• Кралицата Елизабета во обраќањето до нацијата од нејзиниот дом, замокот Виндзор, каде што престојува со сопругот принцот Филип, повика на решителност и издржливост за да се надмине кризата создадена како последица на коронавирусот.

- И порано се соочувавме со предизвици. Но, ова е различно. Овој пат се придружуваме до сите нации низ целиот свет во заеднички обид, користејќи ги големите достигнувања на науката и нашето инстинктивно сочувство да се лекуваме – истакна кралицата.

Вакводо вонредно обраќање е петто по ред на кралицата Елизабета откако седна на престолот, а дојде по објавата на поразителните





бројки од страна на надлежните институции, според кои бројот на починати Британци како последици од компликации поврзани со ковид-19 се искачи на 5.000.

Меѓу другото, во своето обраќање таа рече дека Велика Британија „ќе успее“ во борбата против пандемијата и им се заблагодари на луѓето што ги следат правилата на Владата да останат дома и ги пофали тие што помагаат. Кралицата им се заблагодари и на работниците, велејќи дека „секој час поминат во работа, нè носи кон враќање на понормални времиња“.

- Ќе успееме, а тој успех ќе припаѓа на секој од нас. Треба да најдеме комфор во тоа што го имаме, уште работи мораме да ги издржиме, подобрите денови ќе се вратат: ќе бидеме со нашите пријатели повторно, ќе бидеме со нашите фамилии повторно, ќе се сретнеме повторно – порача кралицата.